УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“
ФАКУЛТЕТ ЗА УЧИТЕЛИ И ВОСПИТУВАЧИ - БИТОЛА

# БИТОЛА НИЗ ВЕКОВИТЕ

## V

БИТОЛА, 2002 год.

**УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**
**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ-БИТОЛА**

# *БИТОЛА НИЗ ВЕКОВИТЕ*
## *V*

## *БИТОЛА ВО XVII ВЕК*

UNIVERSITY "St. KLIMENT OHRIDSKI"
FACULTY OF EDUCATION - BITOLA

# BITOLA THROUGH CENTURY
# V

## BITOLA IN THE XVII CENTURY

BITOLA, 2002

УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“
ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ-БИТОЛА

# БИТОЛА НИЗ ВЕКОВИТЕ
# V

## БИТОЛА ВО XVII ВЕК

БИТОЛА, 2002 год.

**Издавач:**

Педагошки факултет - Битола

Библиотека: *Историски теми*

**За издавачот**

Проф. Симеон СИЛЈАНОВСКИ, акад. сликар - декан

**Редакција:**

Д-р Александар СТЕРЈОВСКИ, одговорен уредник

Д-р Драган ЈАНКОСКИ

Д-р Златко ЖОГЛЕВ

CIP - Каталогизација во публикација, Матична и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски“, Битола.

911.375 (497.17 Битола) : 93 „15“ (063)

**ЈАВНА трибина “Битола во XVII век“ (2001; Битола)**

Битола низ вековите. V, Битола во XVII век / [редакција Александар Стерјовски (одговорен уредник) Драган Јанкоски, Златко Жоглев]. - Битола : Педагошки факултет, 2002. - 84 стр.: 24 см.-
(Библиотека Историски теми)

На наспор. насл. стр.: Bitola through century. V, Bitola in the XVII century. - Тираж 300. - Фусноти кон текстот.
1. Гл. ств. насл. 2. Стерјовски, Александар
а) Битола - Историја - 17 в.

Александар СТЕРЈОВСКИ

# Вовед

*Почитувани сограѓани,*

*Еве, дочекавме да одбележиме и мал јубилеј на Јавнава трибина – пет години од нејзиното основање. Зад неа останаа четири интересни манифестации. Тоа покажува дека основите се поставени за една подолгорочна традиција и дека таа и понатака ќе живее. Масовниот интерес за трибинава е уште една убава страна. Заслуга за сето тоа му припаѓа на Педагошкиот факултет на Битолскиот универзитет, кој не само што е иницијатор, организатор, ами е и спонзор во печатењето на зборницивe. Факт е дека манифестацијата е и уникатна, неа ја нема ниту еден друг град во Р. Македонија.*

*Денес ќе го третираме XVII век. А Битола во XVII век веќе е ориентално физиономирана, има многу објекти од сакралната и профаната архитектура што тоа посебно го потенцираат. Има 3.000 куќи, приземни и на кат, градени од тврд материјал и покриени со ќерамиди. Има 21 маало, има и 900 дуќани. Во чаршијата доминира тврдата и импозантна градба на безистенот. Покрај елегантните кубиња и минариња од бројните џамии, во дел од чаршијата горделиво се извишува и кулата на градскиот часовник. На реката Драгор поставени се 10 дрвени и камени мостови. Во горниот тек издвоени се водени ракави со кои се плиска градот, овозможувајќи да се одржува градската и семејната хигиена на завидно ниво. Основната боја во градот е зелената, не само заради бојата на горедиливиот Пелистер, ами и заради илјадниците високи стогодишни*

*дрвја со раскошни крошни, кои скоро наполно го кријат погледот кон небото, ставајќи го градот во таинствен мир. Поединецот кој доаѓал од една од трите пристапни патишта не можел да го забележи, додека сосема не влезел во него.*

*Пазарните денови кои се одржувале во богатиот и прочуен пазар (денес платото кај Јавор) и во близината на Ат-пазарот биле импресивна слика за антропоколошко и секакво друго шаренило со кое се карактеризирал нашиот град уште во овој период. Тука доминиало домицилното, и словенско и турско население, со своите традиционални обележја на облеката. Високите и богати чалми биле одлика на господската, турска каста, антериите и специфичните одлики од шпанската или португалската облека, откривале дел од бројната колонија Евреи. Тука имало и по некој амал–Ѓуптин. Можело да се види и висок, синоок и со сламена боја на косата поединец. Тоа, бил роб донесен од руските степи или градови или некој Германец што несреќно бил заробен и тука го продолжувал животот. Окото било навикнато да забележува и да не се изненадува од појавата на црнец, било тоа да е Абисинец или да е од црната Африка.*

*Времињата на големите освојувачки војни за Турската империја е минато. Новите Турци и во нашиот и во другите градови, сега го трошат она што претходните генерации го придобиле со сабја. Битолчани го сакале доброто и зачинето јадење и тоа е наследство што и нам ни го оставиле. Ја сакале музиката и чочекот, ги сакале и хазарните игри. Во Битола во овој период има и многу проститутки: и Ѓупки, и христијанки, но и муслиманки. Битолчани се добри реторичари. Го сакаат излетот и организирале 20-тина попознати излетнички места, од кои најпопуларно е она од западната страна, Довлеџик. Покрај Диовската Река побогатите битолчани подигнале 80-тина викендички и тука ги врвеле спарните летни денови.*

*Овој век, меѓутоа, е и корозија на сиот систем и на државноста која ќе заврши со синтагмата „Болниот од Босфорот“. Арамиството и ајдутството започнуваат да добиваат синдром на масовност. Изнасилените селани од спахиите и од други од блиските села слегуваат во градот и тоа е почеток на похринизацијата на Битола – почеток на новиот лик на градот. Исламизацијата и потурчувањето продолжува со несмалено темпо.*

*Ете, за дел од сето ќе стане збор и на денешнава трибина. Посетителите можат да поставаат прашања, да дополнат или да корегираат некој аспект. За континуитет со минатата јавна трибина и со XVI век,*

*пред изложувањето на трудовите ќе го промовираме 4-тиот по ред зборник. Тоа ќе го направи нашиот поранешен градоначалник, инаку вљубеник во историјата и поранешен абасадор во Република Финска, м-р Мито Пејовски, но пред да му дадам збор нему, сакам да го поздравам присуството на претседавачот на Советот на Општина Битола г-ин Марјан Танушевски и сите други.*

*Битола, 1.11.2001*

ДО

___________________________________

___________________________________

______________________

# П О К А Н А

за јавна трибина

# „БИТОЛА ВО 17-$^{\text{тиот}}$ ВЕК“

***Факултетот за учители и воспитувачи во Битола*** во оваа година веќе по петти пат активно се вклучува во Програмата за одбележувањето на 4 -$^{\text{ти}}$ Ноември, Денот на ослободувањето на Битола.

По тој повод во Малата сала во Домот на културата во Битола на ***01.Ноември 2001 година (четврток),*** *со почеток во* ***18:00 часот*** ќе се одржи традиционалната јавна трибина.

***Учесници*** на трибината ќе бидат:

1. **Ѓорѓи Димовски - Цолев:** *Почетоци на реславјанизација на Битола*
2. **Аница Ѓорѓиевска:** *Ајдутството во Битолско во 17-$^{\text{тиот}}$ век*
3. **Радмила Петкова:** *Битолските кадиски сицили за црквите*
4. **Златко Жоглев:** *Функцијата на стипендијата и сознанија за првите битолски стипендии*
5. **Александар Стерјовски:** *Битолските робови од 17-$^{\text{тиот}}$ век*

На јавната трибина ќе можат да се поставуваат прашања, да се уточнува или дополнува некој проблем.

24/11/2001 година
Б и т о л а

**Д Е К А Н**
Проф. Симеон Силјановски, акад.сликар

Ѓорѓи ДИМОВСКИ – ЦОЛЕВ

# XVII век почеток на реславјанизацијата на Битола

Завојувачките војни на скоро сите држави главно биле поврзани со некој, најчесто, економски интерес. Тоа особено видливо е со војните на средновековните феудални држави, кога преку освојувањето на туѓи земји се зголемувале феудите а со тоа и експлоатацијата на закрепостените селани. Таквата оценка уште понагласена е и за Османлиската држава во која исто така во средновековието доминирал феудалниот поредок. Меѓутоа за разлика од Западот во Турција биле изградени специфични тимаро спахиски феудални односи. Имено земјата што ја обработувале крепосните селани, била доделувана од страна на султанот на заслужни за државата лица – спахии, но таа земја не им била наследна, туку приходите ги користеле сѐ додека му служеле на султанот (државата) како војници–коњаници. Ако тие не се повинувале земјата им била одземана и доделувана на друг спахија, додека на Запад феудалецот бил сопственик и наследник на феудот. Исто така во Османлиското царство, селанинот–крепосник немал земја во сопственост, но ја наследувал и ја работел без оглед кој ќе биде негов феудален господар – спахија. Врз така поставените општи односи Турците при завладувањето со Битола и Битолско го спроведувале споменатиот тимаро спахиски систем. За таа цел бил извршен попис врз целокупното население како би се знаеле точно обврските на населението спрема државата но и спрема феудалците – спахии. На нашето подрачје (Битола и Битолско) биле вршени неколку пописи. Во сите пописи (XV и XVI век) битолското христијанско население секогаш било, во однос на мусли-

манското, во малцинство. Тоа покажува дека по освојувањето на Битола во градот се населиле значителен број муслимани пред сè вработени во административните, верските, воените, судските установи, но истовремено се населувале и бројни занаетчии и трговци. Покрај муслимани при крајот на XV век во Битола се населиле дел од протераните Евреи од Шпанија и Португалија, а придошле и Роми. Така слојот на занаетчиите, особено на трговците знатно се зголемил.




Според пописите, преставениов графички приказ ја отсликува бројната состојба на жителите во градот во XV и XVI век. Видлива е големата разлика помеѓу домородното христијанско и придојденото (муслиманско, еврејско) население, кое не се должи само на природната репродукција туку пред сè на колонизацијата и исламизацијата во Битола. Како одбележавме колонизацијата настапила веднаш по освојувањето на градот и продолжила за цело време додека исламизацијата видно се гледа во периодот на пописот од 1528 година и пописот во 1568 година. Тогаш рапидно е зголемен бројот на муслимани во Битола кое нешто е последица на приемот на исламот. Така во првиот попис од целокупното население муслимани секој четврт бил исламизиран христијанин, во пописот од 1545 година тоа бил секој трет христијанин, па

така христијанското население спаднало помалку дури и од придојдените Евреи[1]. Тогаш Битола времено претставувала муслиманско–еврејски град. Правејќи споредба муслиманите биле побројни во 1468 год. за 605 жители од христијание; во 1481 год за 880 жители; во 1519 год. за 1885; во 1428/9 год. за 2334; во 1545 год за 1082 жители, во 1568 год. за 2442 жители; во крајот на XVI и почетокот на XVII век за 2384 жители. Соодносот со Евреите бил во 1568 год. за 698 жители Евреи повеќе од христијани, а во крајот на XVI и почетокот на XVII век за 653 жители.

Во наредниот XVII век не биле правени пописи така што за бројот на жителите во Битола се потпираме на двата посетители на градот односно на Лоренцо Бернардо и Евлија Челебија. Тие покрај прекрасните описи на Битола ни презентираат и број на куќи (домаќинства), кои најавуваат зголемување на жителите и проширување на градот просторно, особено во XVII век кога воспоставениот тимаро–спахиски систем почнува да ги руши сопствените темели.

Турското општество,како феудално, во најширока смисла, се делело на закрепостени т.е. феудално зависни луѓе или раја и слободни или бераја. Во бераја спаѓале сите слободни лица од најбедните до најбогатите, без разлика на вера, народност, давачки и класна припадност, додека во раја спаѓале крепосните кои биле врзани за спахијата и земјата, независно од професијата, верата, народноста, даноците што ги плаќале, односно лицата што биле регистрирани во пописните дефтери со ваквиот статус[2]. Ваквата поделба како раја во огромното мнозинство ги опфаќала селаните од битолските села кои биле внесени во дефтерите со соодветните обврски спрема спахијата. Меѓутоа покрај редовните давачки кои биле прекумерни, многу често пропратени и со насилства, ги принудила рајата да бара излез од својата лоша состојба. Излезите биле разновидни, но како црвена нишка низ целиот XVII век се провлекува мигрирањето на рајата односно напуштањето на селата каде се регистрирани и населувања на други места, било во села, вакафски имоти, други спахии или во градовите.

За бегањето на рајата од битолските села постојат бројни турски документи, особено од XVII век, кои мошне прегледно го илустрираат започнатиот процес. Така на пример во еден ферман од 18.I.1622 год. упатен до кадиите на Паша санџакот (во кој спаѓала и Битола со селата) се вели: „До моите уши допре дека оние што беа порано опре-

1. Методија Соколовски, **Развојниот пат на некои градови во Македонија во XV и XVI век,** Историја, VII/1, скопје, 1963, стр. 47.
2. Александар Матковски, **Крепосништвото во Македонија,** Скопје, 1978, стр. 34, 76.

делени за собирање на паушалот за оци (...) од рајата... неземале како што е определено... туку земајќи повеќе... ја огорчувале и вознемирувале рајата и берајата“[3]. Нешто слично е запишано и во друг ферман од 1–10.VI.1662 год. упатен до кадиите во Битола, Лерин и Прилеп во кој пишува: „Оние што се определени за собирање на џизиeто и нузулот... земајќи повеќе пари отколку што е определено во наредбата, тие ја влошувале положбата на рајата и сиромасите... Поради тоа наредувам... да не сеземаат спротивно на законот и списокот“[4]. Вакви или слични упатства има многу зашто поплаките на рајата од насилствата на месните спахии биле бројни. Така населението од битолската каза поднела преставка врз која бил донесен ферман од 22.II – 2.III.1632 година упатен до битолскиот кадија во кој му се воочува дека „Иако е забранета... обиколката, твојот наиб (заменик)... излегувал... шетал од едно до друго село и земал од рајата џабе и бесплатно дрва, масло, сирење и други вакви и прехрамбени продукти и не престанувал да ја малтретира и вознемирува рајата“[5]. Селаните од селата Рамна, Кажани, Свети Тодори, Баирово, Сакирово и Араново(?) испратиле свој човек до царското седиште соопштувајќи му дека тие иако му ги исполнуваат обврските на спахијата од нив се земало незаконски данок на пасишта и им било барано масло, сирење при што врз нив се вршело насилие. По овој повод пак бил издаден ферман во 1634 година со кој му се скренува внимание на битолскиот кадија да го спречи насилието и незаконското одземање на продукти и даноци[6]. Исто така и жителите на селото Враневци се жалеле од насилствата на нивниот спахија Осман[7]. Кога мухзирот Сефер бил испратен да го спречи насилството врз рајата што го вршеле колџиите на џизиедарот од Битола во битолската нахија тој не само што не успеал во тоа туку истиот бил претепан од нив[8]. За мнозина насилници што вршеле зулуми и грабежи врз рајата во Битолско свидетелствува и писмото од беглербегот до битолскиот кадија во кое пишува: “...По градовите и селата што се наоѓаат во вашата каза се

3. **Турски документи за историјата на македонскиот народ,** серија прва, том I, Скопје, 1963, Док. бр. 50, стр. 59. (Сицил, бр. 2, лист 73б – II, од 18.I.1622 г.)
4. Ибидем, Док. бр. 72, стр. 73. (Сицил бр. 2 лист 70б – I, од 1622 год.).
5. **Турски документи за историјата на македонскиот народ,** серија прва, том II, Скопје, 1966, Док. бр. 4, (Сицил бр. 4, лист 26а – I, од 1632 год.).
6. Ибидем, Док. бр. 175, стр. 91–92, (Сицил бр. 4, лист 28а – II, од 1634 год.).
7. Ибидем, Док. бр. 127, стр. 66, (Сицил бр. 3, лист 35б – II, од 1634 год.).
8. **Турски документи... том I...** Док. бр. 146, стр. 109, Сицил бр. 2, лист 30а – VII, од 1623 год.).

појавиле многумина разбојници кои над сиромасите вршеле зулуми, насилие, плачкале имоти и храна и убивале луѓе“[9].

Грабежите и насилствата врз рајата мошне лошо се одразиле врз нивното стопанисување. Оптоварена со давачки, ограбувана а често пати погодена и од природни непогоди (суша, град, епидемии и сл.) рајата не секогаш можела во потполност да ги исполнува обврските спрема спахијата. Барајќи решение од кризните состојби рајата времено ги решавала проблемите преку позајмувања на парични средства. Пари позајмувале поединци, семејства, група на селани но и цели села заедно. Ваквите задолженија биле уредно и прецизно дефинирани, кој позајмува, колку пари со каква лихва, на кое време и кој е гарант на позајмените пари. Позајмувачи поединци се регистрирани од селата: Брод, Обедник, Мургашево, Лавци, Радобор, Српци Паша, Барешани, Трн, Карамани, Ивањевци, Маловиште, Дуње, Света и др[10]. Покрај поединци како должници се регистрирани и цели села како што биле: Велушина, Жабјани, Грумази, Кукуречани и така на број ги има околу 65 села од Битолско[11]. Задолжувањата рајата ги вршела кај спахии, вакафи, поединци лихвари Турци или Евреи. Најпознати вакафи кај што се задолжувала рајата биле Мумџи Хасан Челеби, Јахја Кади, Махмуд ага, Шејн Осман, вакафот на Малата џамија и др[12]. Исто така како кредитори низ турските документи фигурираат и битолски Евреи, меѓи кои се истакнува Мојсеј со двата свои синови Исак и Аврам[13]. Меѓутоа најчесто како кредитори се јавувале спахиите, кај кои се задолжувале и цели села, (селаните од село Кочиште кај спахијата Мехмед ага а селаните од село Градешница кај својот спахија Мехмед Халифе)[14]. Вакви примери има многу.

Рајата задолжувајќи се еднаш тешко се искубувала од долговите. Немајќи можности да ги исполни обврските и покрај задолжувањата, поединечно, цели семејства дури и цели села ги напуштале своите огништа за да се населат на други места. За напуштање на селата има доста примери во битолските сиџили од кои наведуваме неколку: Рајата од селото Мургашево, Битолско, се разбегала поради даноците џизие, авариз и другите вообичаени даноци, зашто тие биле поголеми

9. Ибидем, Док. бр. 103, стр. 85, (Сиџил бр. 2, лист 70а – II, од 1622 год.).
10. Ѓорѓи Димовски–Цолев, **Битолските Евреи,** Битола, 1933, стр. 52.
11. **Турски документи... том I...**, Док. бр. 1, стр. 1–30, (Сиџил бр. 1, лист 8а, од 1607 год.).
12. Александар Матковски, цит. дело, стр. 109–110.
13. Историски Архив–Битола, Регести на битол. сиџил – Сиџил 3, Сигн. I, 3, 2, 3, 189; ИА–Битола–Регести на битол. сиџили, Сиџил бр. 8 (лист 61–I) бр. 767 и 768 од 1642 година.
14. **Турски документи... том IV,** (Сиџил бр. 3, лист 36 од 1634 год.).

отколку што би можеле тие да ги поднесат, та во селото останал само селанинот Дујо. Бидејќи даноците и долговите на избеганите биле барани од Дујо и тој избегал а селото опустело[15]. Рајата пак од селото Пополжани бегала секоја година[16]. На 11.I.1686 година бил издаден ферман во кој се вели дека жителите од 30 села во Битолско се растуриле по разни градови, а тоа им причинило големи загуби на државните приходи[17].

Нашите селани не така лесно ја напуштале земјата. Тие биле честити луѓе и гледале да ги средат односите со спахиите а дури кога не ќе имале никаков излез ги напуштале селата. Таков е примерот со селаните од селото Сопотница кои изјавиле: „Сега ние не сме способни да ги исплатиме (долговите)... Ако... рокот се одложи за девет месеци... сета лихва од вакафските пари и другите наши долгови лесно ќе бидат исплатени, без да има тешкотии. Во спротивен случај, ако постои притисок има можност жителите на селото да избегаат“[18]. Слични се изјавите и на жителите од селата Крстоар и Балдовенци. Жителите на селото Крстоар „...кои се избегани од порано по околните села поради многубројните им долгови пред судот изјавиле: „Ако џабиите на вакафите и другите заемодаватели не ги бараат за три години од датумот на документов од селаните основниот заем и лихвата и ако не ни додеваат и не нè вознемируваат сите ние како порано ќе си дојдеме во нашето село и ќе живееме. По три години долговите што ги имаме пак ќе ги плаќаме колку што можеме. Но ако од страна на законот не ни се даде рок, како што е објаснето, бездруго сите ние ќе избегаме во друг крај и наполно ќе се расселиме“[19]. За жителите на селото Балдовенци кои поради многубројните долгови го напуштиле селото „... непристрасните муслимани соопштија дека жителите на сето село избегале затоа што материјално се пропаднати и задолжени; ако им се одложи (плаќањето на даноците)... решено е сите пак да се вратат и спомнатото село да се обнови“[20].

Со оглед дека бегањето на рајата од селата го нарушувала стопанисувањето и ги намалувала приходите како на спахијата така и на државата биле преземени мерки избеганата раја да се врати на старото

15. Ибидем, Док, бр. 46, стр. 37.
16. Ибид. Док. бр. 101, стр. 81, (Сиџил бр. 8, лист 113 од 1641 год.)
17. Александар Матквски, цит. дело, стр. 198.
18. **Турски документи... том IV ...** Док. бр. 72, стр. 55 (Сиџил бр. 8, лист 34б – V од 1641 год.).
19. **Турски документи... том II...** Док. бр. 227, стр. 121 (Сиџил бр. 3, лист 73б – III од 1635 год.
20. **Турски документи... том IV...** Док. бр. 66, стр. 50 (Сиџил бр. 8, лист 32а – III од 1640-41 год.).

место. Во таа насока е и писмото на румелискиот беглербег до кадиите на Битола, Лерин и Прилеп во кое им наредува избеганата раја да се врати назад по нивните села[21]. Сличен е и царскиот декрет од 1635 година, со кој им се наредува на кадиите во Битола, Џума Пазари и Лерин да ја вратат избеганата раја[22]. Слични наредби од 1678 година сведочат за еден континуитет за мигрирањето на рајата од Битолското село Буково во градот Битола. Во 1679 година многу раја од битолските села Обедник, Загорич, Чагор, Кукуречани и други избегала во околните села и градови за да го избегне плаќањето на данокот авариз. За бегање на рајата од Мариовската нахија и населување во градовите сведочи ферманот од 28 август 1682 година[23].

Избеганата раја секако имала интерес што се населувала во други места – села и градови. Таквата раја ако не била откриена и вратена и останала незаведена во дефтерите 10 години како раја, таа се здобивала со статус бераја т.е. слободни луѓе при што за тоа добивала и берат. Токму таквите востановени традиции ги мотивирала да бега иако тоа го правела со тешко срце, зашто генерациски била врзана за обработка на земјата, а имала вложено и во градбите на куќи и покуќнина. Од друга страна власта да не ги губи приходите едновремено се борела против силеџиството врз рајата а исто така и се ангажирала да ја врати избеганата раја. Како земал замавот на бегање границата од 10 години се поместувала на 15–20–30–50 па и доживотно да се бара враќање на рајата. За таквите состојби ги наведуваме следниве примери: Со ферман од 28.VIII.1682 година упатен до повеќе кадии па и до битолскиот му се наредува „...целата раја присилно да врати во своите села, доколку постојано не живее повеќе од десет години во тие градови“[24]. Друг ферман упатен до кадијата во Битола го упатува да го испита случајот во врска барањето да се исплатува данок на напуштената земја на спахијата иако лицето веќе 35 години живее во битолската каза[25]. Но ферманот од 1634 година упатен до битолскиот кадија е мошне ригорозен кон избеганата раја од село Егри кое спаѓало во вакафот на Даут паша. Во него децидно стои „(избеганата раја)... да ја вратиш во нивното старо село и место и да овозможиш да се населат. Накратко, за вакафската раја време не постои, и на споменатите да не им дозволиш да се изго-

21. Ибидем, Док. бр. 143, стр. 100 (Сиџил бр. 8, лист 109б – III од 1641 год.).
22. **Турски документи... том II...** Док. бр. 234, стр. 124/5 (Сиџил бр. 4, лист 49б – III од 1635 год.).
23. Александар Матковски, цит. дело, стр. 148, 165, 198.
24. Ибидем, цит. дело, стр. 165.
25. **Турски документи... том IV...** Док. бр. 1, стр. 3 (Сиџил бр. 5, лист 29аб).

вораат по некој начин“[26]. По сè изгледа дека битолскиот кадија не ја завршил со успех наредбата па на 8.II.1636 година бил издаден нов ферман упатен освен до кадијата на Битола и до кајмакамот на Румелија во кој опширно е изнесена состојбата со избеганата раја од село Егри. Во ферманот стои: „Мнозина од рајата и нејзините синови заведени во дефтерот на вакафското село Горно Јегри, кое се наоѓа во Битолска каза, а кое спаѓа во вакафот на покојниот Даут паша... поради насилието и зулумот на бившиот забит на споменатото село... го напуштиле селото, отишле и се населиле во села и други нахии... и по тој начин им нанесле на приходите на споменатиот вакаф голема штета. Кога сегашниот забит на вакафот отишол кај преселените и сакал да ги врати во нивното поранешно село, тие му се спротивставиле, велејќи му: Времето е изминато. Ние веќе сме регистрирани во аварискиte ханиња и нашите авариски обврски ги плаќаме од пред 20–30 години во местото каде што живееме.

Според тоа, потребно е сите да се кренат, да се вратат во старите места каде што се заведени во дефтерот и пак таму да се населат за да се зачува напредокот и благосостојбата“[27]. Едно е сигурно дека со зголемениот број на напуштањето на селата се померувала границата од десет години нагоре и се вршело присилно враќање на рајата на нивните стари живеалишта. За тоа да биде озаконето биле донесувани и законски прописи[28].

Поради сложеноста во давачките за пребеганата раја биле донесувани и такви решенија прилагодувани кон конкретните прилики. Во таа насока е и ферманот од 1640 година упатен до собирачот на приходи и вршителот на пописот Хаџи Ахмет во кој му се наредува: „... некои од рајата... исчезнале пред 15–20 години а некои пред 30–40 години. Рајата од тимарите отишле во вакафите, а рајата од вакафите во тимерите и градовите и селата на царските хасови. Оние што толку години живеат вака, си направиле куќа, лозја, градини и ѕевгари. Бидејќи досега не биле запишани, заимите земале од рајата по вакафите испенџе и многу пари на име чифт бозан, а мутевелиите и џабиите на вакафите (земале исто) од рајата по тимарите и ја измачувале.

***

Врз основа на ова, моја наредба е таквата раја да го дава во местото каде што живее ушурот од земјата што ја обработува, а чифт бозан и другите раински даноци да им ги дава... на оние кај кои и порано била

26. **Турски документи... том II...** Док. бр. 172, стр. 90 (Сиџил бр. 4, лист 49б – II од 1634 год.).
27. **Турски документи... том I...** Док. бр. 3, стр. 5 (Сиџил бр. 4, лист 33а – II од 1636 год.).
28. Александар Матковски, цит. дело, стр. 251.

запишана рајата[29]. Од бројните турски документи можеме да констатираме дека бегањето на рајата и покрај сите мерки да се задржи или врати на старите места не вродила со резултати. Напротив миграциите село–град станале една од карактеристиките на XVII век за Македонија. Тој започнат процес со засилен интензитет продолжил и во XVIII век за да кулминира во почетокот на XIX век. Преку напуштање на селото и заселувањето во градовите, вклучително и Битола, селското население – раја – наишло на посигурен и подостоинствен живот. Така во градовите новодојденото население и натаму својата егзистенција ја осигурувало преку земјоделство, градинарство и помалку со сточарство, но и со занаетчиство. Тие што се занимавале со занаетчиство или пак со трговија не плаќале никакви даноци на своите производи освен определената такса (бач) за продадената стока[30].

Процесот што се одвивал во Македонија, односно населување на раја по градовите, во Битола е мошне интезивен. Така во градот занаетчиството се зголемувало со растот на неговите жители. Имено, ако во 1460 година имало само четворица занаетчии христијани на спроти 152 занаетчии муслимани во 1481 година на 210 занаетчии муслимани дошле 18 христијани занаетчии, за да во средината на XVI век бројот дистегне 27 а во крајот на XVI и почетокот на XVII век нивниот број стигне до 39 занаетчии христијани, „... така што секој трет или четврт старешина на семејството од редот на христијаните врши некоја занаетчиска дејност“[31]. Според тоа додека во Битола занаетчиството до средината на XVI век било главно во муслиманите, во крајот на векот и почетокот на XVII век се занимавале доста голем број христијани[32]. Зголемениот раст на занаетчиството во Битола во XVII век се должело и на „...техничката делба на трудот во поедини видови што може токму од овој век да се следи[33] особено кај групата занаети што се во врска со исхраната (14 видови) со ткаенините (10) видови, обработка на кожа (6 видови), на метал (7 видови) итн.[34].

Бидејќи во XVII век немало пописи, кои пописи биле оневозможени да бидат прецизни со перманентно бегање на рајата, со тоа нема-

29. **Турски документи... том IV...** Док. бр. 28, стр. 25/6 (Сицил бр. 8, лист 100а – II од 13.IX.1640 год.).
30. Александар Стојановски, **Градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век,** Скопје, 1981, стр. 102–103.
31. Методија Соколовски, цит. статија, стр. 48.
32. Ибидем
33. Милош Хр. Константинов, **Занаети и еснафи во Битола и околијата,** Битола, 1961, стр. 12.
34. Ибидем

ме ниту податоци за бројноста на жителите, нивната народност, религијата и сл. за Битола. Сепак двајцата споменати посетители даваат некоја слика за градот. Според Лоренцо Бернардо кој престојувал 1691 година во Битола имало 1500 куќи (домаќинства) од кои 200 биле еврејски. Сметајќи грубо, тогаш Битола би броела околу 6–7.000 жители. Евлија Челебија (1662 година) за Битола забележал дека има 3.000 еднокатни и двокатни куќи и 900 дуќани. Земајќи го овој податок за постоење на 3000 куќи се смета дека некои од нив биле освен за живеење и за други намени како верски, судиски, административни, просветни, здравствени и други установи па така градот реално би имал околу 8–10.000 жители[35]. Таква Битола „...од урбано географска гледна точка добива облик на типично ориентален град со тесни улици и збиени куќи. Таквиот белег му го даваат и бројните верски, просветни и други установи – џамии, месџеди, медреси, амами, имарети, текиња и др“[36], како и безистенот, каравансараи, чаршија со занаетчии и трговци со пазари и сл. Тогаш главно Битола се простирала во следниве граници: „...почнувајќи од Баирот, кон месноста Тепсија, преку Црн Мост и реката Драгор во близината на денешната црквичка Свети Кузман и Дамјан, Дрвен Пазар, оттаму кон Свети Димитрија, потоа се спуштала кон црквата Света Богородица, од каде префрлувајќи се преку реката Драгор и Старата Чаршија завршува кон Смилевски Баир“[37]. Меѓутоа сѐ поголемиот прилив на новодојдени од по селата, градот постепено се ширел по периферијата создавајќи нови населби „...како на пример Јени маало, делови на Баирот, Бела Чешма и др.“[38].

Споменатиов процес на миграција село–град во XVII век во Битола овозможува да се насели бројно славјанско селско население, кое како раја бега од селата за подобра егзистенција. Истовремено во Битола се врши почетниот процес на реславјанизација зашто како одбележавме во претходните векови градот претежно бил со муслиманско население. Реславјанизацијата на градот е од национална гледна точка мошне важен процес зашто на тој начин постепено се доаѓа до групирање на народна маса не обременета со никакви влијанија од страна, која закрепнувајќи економски ќе ја започне борбата како битолско граѓанство за своја еманципација против патријаршиската доминација во црковен и училиштен домен.

35. Никола В. Димитров, **Битола – Урбано–географски развој,** Битола, 1998, стр. 75.
36. Ибидем, стр. 51.
37. Ибидем, стр. 70.
38. Ибидем, стр. 51.

Аница ЃОРЃИЕВСКА

# Ајдути - јунаци од Битолско од XVII век

Природно е секому да му е најмил родениот град. Разумно е секој кој на некој начин е крвно поврзан со тој град да ја сака неговата историја, да ја учи и да ја проучува истата. Ништо толку силно не нè приближува до чувствата на сопствената историја како сопственото проучување, или т.н. „своерачно истражување“.

Во последниве четири години трибината насловена „Битола низ вековите“, неодоливо го освои нашиот историски живот и во многу ја задоволува нашата жед за историјата. Истата ни дава можност да ја проследиме бурната историја на народот од овој крај[1].

Овој пат тема на моето излагање е еден невообичаен, или помалку популарен историски сегмент од нашата историја, а тоа се ајдутите –јунаци од XVII век.

Уште на почетокот треба да направиме јасна дистинкција помеѓу ајдутите –разбојници[2] и ајдутите– јунаци и да го обелодениме нивното вистинско лице, а воедно да потенцираме како очајот и неправдата можат да го натерат човек повеќе да ги претпочита планинските самотии од топлиот селски дом . Додека на едни, им ги ги убивале родителите, или браќата, на други им ги краделе жените, или им ги обесчестувале

1. **Историја на македонскиот народ,** Том II, Скопје, 1998.
2. Додека за Турците ајдутинот претставувал нешто срамно, за христијаните, пишувал бугарскиот револуционер Георги Раковски „ајдутин не значи разбојник, ниту пак лош човек, туку јунак, онеправден и обесчестен од турската власт“ Георги С. Раковски, **Българските хайдути тъхното начело и тъхната постоянна борба с Турците, от падение Българии до денешните времена,** Книжица първа, Русе 1895, 8.

сестрите, на трети им ги грабале имотите или им нагрбувале огромни даноци со што се ставил во прашање и нивниот опстанок. Истите тие, порешителни селани кои доживеале некој зулум, или неправда се одметнувале во ајдути[3] .. Покрај реченото, рајата, односно македонскиот народ токму во тој XVII век ја имале уште и таа обврска да ги снабдуваат турските елитни војски – јаничарите, со најздравите деца од својата средина[4]. Какви биле условите за собирање на деца за јаничарските војски најдобро сведочи една султанска наредба од 1640 година. Во неа се вели дека христијаните кои што имаат повеќе од едно дете на возраст од 15–25 години, здраво и способно, да се предаде на собирачот на христијански деца за јаничарските одреди[5].

Затоа може слободно да се каже дека ајдутството и арамиството претставуваат две страни, аверс и реверс на една иста општествена појава – „класната борба на угнетените маси независно на која вера и народност припаѓаат тие, против сета експлоататорска класа“[6]. Бидејќи погледот на светот на религиозниот човек бил религиозен, а факт е дека христијанското население на Балканскиот полуостров прво ја почувствувало феудалната експлоатација, разбирливо е тоа што тоа прво и тргнало по патот на класната борба. Подоцна кога експлоатацијата се проширила и врз муслиманското население, тогаш и тоа се повеќе се вклучувало во таа борба. Оваа појава е најмногу видлива во крајот на XVII и почетокот на XIX век кога муслиманите и христијаните биле во исти дружини.

За ајдутството е пишувано во сите балкански земји, но само врз основа на податоци, оставени од разни патеписци, главно туѓинци, кои во разни времиња минувале низ Балканскиот полуостров оставајќи свои записи.Овие податоци главно се штури, недоволни и многу често противречни.[7]

За ајдутите доста податоци добиваме и од народните песни и ора. Нивното ехо се уште одекнува до нас. За голем број на легендарни јунаци, ликови на смели ајдути насликани во народните песни дознаваме токму од тие песни, од каде што дознаваме и за поистоветувањето на

3. **Македонски историски речник,** Институт за национална историја,Скопје 2000, 17–ајдутството.
4. Иван Катарџиев, **Ајдутското движење и Карпошовото востание во XVII век.** Институт за национална историја, Скопје, 1958, 10.
5. Историја на македонскиот народ,... 50–54
6. Александар Матковски, **Турски извори за ајдутството и арамиството во Македонија (1650–1700)**, Институт за национална историја, Скопје 1961, 5.
7. Evlija Čelebija, **Putopis,** II, Svjetlost, Sarajevo 1957, 57–59.

поимите ајдут и арамија.[8] Но, се случувало народниот пеач некогаш не сакајќи во уметничките обликувани форми да ја замагли историската точност на овие јунаци.

Нема сомнение дека турските документи, главно пишувани од кадии во времето на самото делување на ајдутите се најверодостојни, објективни и полни со многу детали.[9] Токму тие документи нафрлаат изобилна светлина врз борбената традиција на македонскиот народ од овој крај.

Така документите од XVII век што впрочем се тема на нашето излагање го демантираат разбирањето дека XVII век е вакум без настани што заслужуваат да влезат во историјата на нашиот народ и ги демантираат разбирањата дека XVII век е само време на тешко ропство кога не се слуша протестниот глас на нашиот народ против феудалната експлоатација. Но, сепак сицилите на Битолскиот кадилак имаат и недостаток, а тоа е што ја омаловажуваат и потценуваат силата на ајдутите и што во ист кош ги ставале и ајдутите – јунаците и ајдутите–разбојници .

Со цел и искрена желба и ние до некаде да учествуваме во исправувањето на историската неправда што е направена врз јунаците од нашиов крај од XVII век, ќе се обидеме да дадеме една слика за Битолскиот крај, но претходно ќе ги прозиваме по имиња оние, најјунаците: Кутле од Барешани, Гоше од Кутретино, Петре Дундар од Беранци, Никле од Цапари, Константин наречен Чавдар војвода од Сопотница, Стојо од Лафци, Белче од Ѓавато за кого целото село се ставило во борба со мартолозите итн.

Се чини сосема соодветно токму сега да го споменеме тој настан запишан во сицил 6, лист 5а, док. бр. 3, и опишан од музхирот Јусуф, кој бил испратен од страна на Шеријатот да го фати и доведе во судот . За тој настан кој се случил меѓу 2 и 11.7.1639 г. е запишано „Кога се бараше споменатиот Белче, жителите на селото не го даваа. Кога мартолозот Осман и неговите другари имаа намера да го фатат споменатиот

8. Илија Алушевски, **Орото Арамиско јуначка игра**, Научна мисла– Битола 1990, III, Друштво за наука и уметност– Битола, Битола,1990, 191–199
9. Сите документи што се однесуваат на ајдутството, а се наоѓаат во сицилите на битолскиот кадилак, објавени се во превод, редакција и коментар на Александар Матковски во пет томови, а во издание на Институтот за национална историја во Скопје. Она што нас не интересира и е тема на излагањето се томовите;

   Алекандар Матковски, **Турски извори за ајдутството и арамиството во Македонија, (1620–1650)**, Институт за национална историја, Скопје 1961

   Александар Матковски, **Турски извори за ајдутството и арамиството во Македонија, (1650–1700)**, Институт за национална историја, Скопје 1961

и да го приведат во Шеријатот, долгиот и црнобрадиот зимија Илија и кусиот зимија Митре викнаа; „Се разбира не го даваме, УДРИТЕ! Денес е нашиот ден‘. И започнаа борба со оние кои беа испратени од страна на Шеријатот. Грабнале оружје, пушки стрели и остри сабји. По неколку часовна борба, мартолозот Осман му ја отсече главата на споменатиот арамија Белче бидејќи не се предаваше. Жителите на споменатото село сите се јатаци и арамии“

После овој крвав настан започна потера по сите оние кој на овој или оној начин учествувале во таа борба.

Од сиџилот бр. 6, лист 6б, док. бр. 1 дознаваме како се одвивале настаните после овој настан, односно следи една потера по сите учесници во таа борба – „се осудува на смрт Митре Никола од село Ѓавато кој се ставил на чело на селаните во борба против мартолозите, бранејќи го ајдутинот Белче“.

Дека првите ајдутски дружини сигурно се појавиле без претходен план и подготовка, односно во некој ненадеен судир на селаните со власта сведочи сиџилот 2, лист 10 б док. 2 (документот е од периодот 1621–1622г).

„Фатените ајдути од село Сушица (Јован и Митре) даваат подробности како го отепале Мехмед Чауш во неговиот чифлиг во селото Тополчани кое припаѓа на Битолската каза, а бил еден од луѓето на неговата екселенција Арслан паша“.

– „На шестата ноќ од месецот зул–када се собравме во чифликот на споменатиот Мехмед чауш и тоа: Крсте со 6 души други од село Цер, Константин и Велче од Сухо Грло, чобанот Митре син на Душан од село Прибилци и двајца рекалии од споменатото село Сушица. Жителите на Прибилци постојано придоаѓаа. Имињата не им ги знаеме. Од село Тополчани дојдоа луѓето на Неговата Екселенција Арслан паша и тоа еден негов овчар и еден негов чивчија, едниот со брада,а другиот без брада. Сите ние се собравме ноќта кај бунарот на село Лознани и го отепавме споменатиот Мехмед чауш“.

Суров бил животот на ајдутите. Нивниот дом била планинаната со сите нејзини убавини и грдосии; разјарени ѕверови, студови, мразеви, секогаш во верна дружба со гладот. Иако суровоста на ајдутскиот живот не дозволувала помасовно учество на жени во нивните редови, сепак од Битолско од сиџил 4, лист 13 а. док бр. 3 дознаваме за името на една жена. Впрочем се работи и за најстариот податок кој потекнува од 1636 г. Тоа била Кира од село Цапари единствената жена ајдутка од првата половина на XVII век. Била во дружината на прочуениот арам-

баша Петре Дундар и зела учество во фаќањето и уценувањето на Хаџи Хасана од кого ајдутите зеле голем откуп 40 000 акчиња. Во дружината била заедно со својот брат Јоле.

Впрочем дружината на Петре Дундар од село Беранци за прв пат се споменува во 1634 г година и броела 44 ајдути, меѓу кои; Лошан од село Магарево; Јано Атанас и Јовче Трајко од село Вардино; Петко Неделко од село Ракитница; Стојан Никола од село Спрострање; Согре (Сугаре) и брат му Митре од село Бабино; Петко Јареско од село Спрострање; Христо Гупан од село Летвица; Симитчи Јован од село Ракитница, Караџа од село Долно Дивјаци; синот на Теркан од село Белица; Ѓорѓи син на попот од село Арилево; Радослав и Ковач од село Кочишта; Ковче од село Летвица; Бошко и Стеван од село Спростраље (сиџил 4, лист 13а, док бр. 3).

За жал, во истата година кога и се споменува дружината на Петре, син на Дундар, дознаваме дека бил фатен и даден на суд за да „исчезне од површината на земјата"– како што посакувале присутните сведоци– муслимани (сиџил 3, лист 74 а, док бр.6). По неговата смрт на чело на дружината дошол Лошан од село Магарево[10]. За него од сиџил 9, лист 51а, док. бр.1 дознаваме дека „Алајбегот на левиот ракав изјавил дека Лошан од село Магарево истовремено е и мартолосбашија и арамбаша на триесет души ајдути"

Најверојатно после смртта на Петре Дундар самостојно дејствувал Симитчи Јован, за кого вилаетските големци се искажале дека е „потребно на било кој начин да биде убиен, за да се спасат божјите робови од неговите злочини" (сиџил 5, лист 71, док.бр. 3).

Се разбира појавата на ајдутството било неминовно, но истото не ќе можеше да опстои доколку не ќе беше потпомогнато од народот, од нивните јатаци. Веќе го споменавме настанот кога цело село( Ѓавато– кое било дервенџиско) се ставало во борба за да ги заштити ајдутите.Од сиџил 3, лист 38а, док. бр. 5, дознаваме дека жителите на селата Опсирено, Битуше, и Раково станале во заштита на Богоја Коста, од село Опсирено и успеале во тоа. Во 1646 г. жителите на село Харошани гарантирале за Михајло Ѓорѓо кој бил обвинет дека бил ајдутин. Врз основа на нивната гаранција тој бил пуштен од затвор (сиџил 10, лист 37а, док 9) Во истата година жителите на Слоешница гарантирале дека Ѓорѓо Стојко не бил ајдутин, туку е наклеветен. За него гарантирал и неговиот брат Михајло (сиџил 10, лист 31а док. 3). Во 1661 година

10. Александар Матковски, Отпорот. . .71–73

жителите на село Буково гарантирале дека Стојко и Ѓорѓо, кои биле од нивното село „не пројавиле бунт и разбијништво“ (сицил 18, лист 7б док. 2).

Но имало и случаи кога селото ги обвинувале и ги предавале на власта ајдутите и ајдутските јатаци. Така бил предаден Стојо од село Лафци, еден од јатаците на ајдутите, за што сведочело и целото село (сицил 6, лист 16 б, док бр. 1).

Неопходно е да ги споменеме и имињата на свештените лица кои во многу им помагале на ајдутите. – Од сицил 6, лист 29 а, док 3–дознаваме дека жителите на село Трново изјавуваат дека „поп Мито нема врска со ајдутите и не ги помага“. Впрочем ова е уште една потврда за тоа како целото село се става во заштита на еден човек

А од сицил 10, лист 37а, док 6– дознаваме како двајца муслимани го обвинуваат свештеникот од Лознани дека е бунтовник и јатак на ајдутите.

– „Свештеникот од село Лознани ги пали чифлиците, своите 600 овци бесправно ги храни со наше жито, бил активен бунтовник во вршење на бунтови и разбојништва. Се засолнува при видни луѓе. Порано кога музхирот Емир пристигна во селото го нападнал со сабја со намера да го отепа“– изјавиле истите.

Главно ајдутите немале некоја посебна униформа, туку се носеле како и останатиот народ од својот крај . Многу често се маскирале во друга облека (сицил 13, лист 116а, док. 1– „Да се фатат сите оние кои се движат преоблечени како јаничари, аџеми –оглани, и кол–оглани, носат ѓурз, пушка, варсак и облекуваат јагмурлак, јакаллу, долама и бурма астар“.

Но, само поголемите ајдутски дружини многу обрнувале внимание на својата облека. Најубавата облека обично дружината му ја доделувала на својот вовјвода, кој имал и личен знак. Тој имал „ перје на старешинство“, што го носел на капата, или на калпакот.[11]Ова е потврдено и во изворите (сицил 5, лист 5а, бр. Док. 1)

– Група мартолози го фатиле ајдутинот Константин наречен Чавдар – војвода од село Сопотница „Споменатиот Константин е крадец и арамија. Се движи во кабаница од црвена чоја а на главата носел перјаница. Сегашната негова работа била да се движи со арамии и да се бунтова. Со предупредувања на никој начин не се поправил. Потребно е на

11. Душан Поповиќ, **О хајдуцима,** I, Београд, 1930, 137

секој начин да биде убиен и да се отстранат од божјите робови неговите злочини“

Навистина „дрско “е јунаштвото на ајдутите. Вистински подвиг е да се убие собирачот на нузул (тоа го направиле јунаци од селата Кочиште, Зашле, Бабино, Брезово и Доленци – сицил25, лист 35, док бр.3); Собирачот на даноците: харач, авариз, нузул џелеп (на 9. 05.1677 г во Горно Вирово – сиџил 23, лист 35а, док.бр.1). Или пак со голема огорченост да се убие големиот лихвар Мојсо (1634 г), затоа што ајдутите на лихварите гледале како на луѓе што прават голем зулум.[12] Повеќе од храброст е да се крене рака врз гласникот за турската победа кај Кандија (Истиот бил нападнат кај Барешани–сиџил 21, лист 54, док.бр. 3)

Сето ова говори за нивната величина и решителност. А доколку не можеле ништо да направат тогаш својот отпор го искажувале преку рушењето на сопствените куќи, палењето на шталите, жетвата, амбарите (сиџил 18, лист 8а, док 3 – „Субашијата на село Драгош изјавил дека ајдутите ги разрушиле куќите на селаните кои се разбегале бидејќи не биле во состојба да плаќаат данок и лихва“)

Настанот за нападот на битолскиот безистен од страна на ајдутите донекаде ни беше познат по соопштенијата на турскиот патеписец Евлија Челебија [13]. „Безистенот им е многу тврд, но сепак во времето додека ние престојувавме во овој град дојде ајдутот по име Баја со петстотини ѓаури од планината Шапка и влегол без никаков страв и грижа, ја искрши капијата на безистенот и зел скапи ткаенини во вредност од седумдесет илјади гроша. Потоа се повлекле кон полето пукајки од топови и пушки. Во цел град никој не се најде што ќе си дозволи барем со зборови да му се спротивстави, или пак барем да праша „зошто“. Пусто чудо и кукавичлук“. Според него тој напад го извршил Бајо, Јано, кој дошол од планината Шапка, или Шипка во 1661 година. Благодарение на битолските сиџили добиваме нови подробни податоци кои фрлаат нова светлина врз овој настан. Според нив (сиџил 12, лист 41а, док. бр. 1) знаменосецот при нападот на безистенот бил Тане, син на Митан од село Чаирли. Настанот, односно првиот напад на Безитенот се случил не порано од 14 јули 1646 год.[14], а не како што вели Челебија во 1661 г.

12. Александар Матковски, Отпорот, . . 279.
13. Evlija Čelebija, Putopis. . 59.
14. Александар Матковски, Отпорот,. . 286–292.

Кога ајдутите влегле во безистеност покрај другото зеле и 120 000 акчиња, што биле оставени во депозит од Мехмед–ага, а што ги собрал на име данок џелеп – кешен.

Во врска со овој настан сведочат низа документи;

сиџил 10, лист 33б, док. 4 –“ Мехмед–ага бара потврда дека парите наменети за купување на овци што ги ставил во Безистенот, се ограбени од ајдутите кои го нападнале битолскиот безистен. Тоа се парите на споменатиот данок за овци џелепкешан– 120 000 акчиња“.

сиџил 10, лист 33а, док 6 – (документов е од 1646) – „Рајата од битолските села доведена е во судот за истрага на ајдутите кои го нападнале безистенот. Од село Пресил бела црква, Воднани, Сухи дол, Радово, Село Арилево“.

сиџил 10, лист 33а, док 7 – „Ибрахим ага ја привел во судот својата раја за истрага на ајдутите кои го нападнале безистенот“.

сиџил 10, лист 33 б, док 8 – „Ахмед–ага му предаде на вилаетскиот забит двајца зимии од село Могила и од село Слепче кои се обвинети за напад на Безистенот“.

сиџил 12, лист 41 а, док 1 – „Се осудува на смрт ајдутинот Тане од село Чаирли, син на Митан, кој бил бајрактар на ајдутите, зел учество во нападот на Безистенот и го палел снопјето по нивите“.

Во негови раце било знамето на арамиите кои го нападнале безистенот. Го накодошиле неколку селани од село Суходол Мариовско.

Споменатиот разбојник за егзекутирање се дал на забитот Муса-ага. На чинот на неговото судење кое било во месец јули 1651 година присуствувале многу видни личности. Тоа само потврдува дека се работи за една навистина голема личност, а неговото фаќање вистински трофеј за власта, „Најучениот меѓу учените, кој го продлабочува знаењето,привремениот кадија на Трикала – Ибрахим ефенди, син на Мехмед Ефенди. Цветот на големите научници, привремениот кадија на Битола Хрз–ефенди. Гордоста на благородните валии Мујстафа ефенди. Гордоста на мудерисите Јахја Бализаде, Мехмед–ефенди, имам, Дервиш Челеби, припаднук на Хзр. Гордоста на мудерисите Абдурахман Челеби. Гордоста на благородните Мехмед–ага. Гордоста меѓу сличните гуламшахи. Гордоста на валиите Ахмед– ефенди и други присутни“

За време на истрагата против ајдутите што го нападнале безистенот бил фатен како сомнителен и Михајло Ѓорго од село Харошани, кој бил затворен неколку дена во затворот. Тој бил пуштен под

гаранција на „неговите пријатели “ е запишано во сицил 10, лист 371, док. бр. 9.

После нападот на безистенот турските власти презеле жестоки мерки за да го спречат евентуалниот втор напад на безистенот.

– сицил 13, лист 158б, док 2 – „Му се наредува на битолскиот кадија да ангажира мартолози за заштита на безистенот и царската каса од ајдути“.

Дека ајдутското движење во Битолско од средината на XVII век е во постојан подем се потврдува токму од истите извори . Така од сицил 10, лист 11, док. 9 – од 1645 г. дознаваме дека кадиите, хатибите, имамите и други жители на Битола, обвинуваат дека „сите битолски села станале бунтовнички“.

Па оттука не треба ни најмалку да не чуди постојаното преземање на што поголеми и по ригорозни мерки од страна на турските власти;

– сицил 5 лист 39 б, док 2 „Им се наредува на кадиите од Битола, Прилеп ... да преземат ефикасни мерки против ајдутите кои со развеани знамиња и свирење во труби напаѓаат села“.

И додека во почетокот за мартолози биле поставувани христијани (сицил 14, лист 65а док. 3 – „Се одредува мартолосбашијата Голубан со четириесет лица да го заштитува градот Битола од ајдути“), за подоцна истите нив целосно да бидат отстранети (сицил 27, лист 52а, док,– „Се наредува до битолскиот кадија да се отстранат мартолозите христијани, а да се назначат муслимани“).

Секојдневно растел бројот на ајдутите кои се осудувале на смрт;

сицил 15, лист 24 б, док 1 – „Се осудувана смрт ајдутинот Киро од Свети Тодор – Битолско“.

сицил16, лист 4а, док. 4 – „Ибрахим ага – забит во Битола го обвинува ајдутинот Крсте од с. Буково“.

– сицил 16, лист 4а, док 5 – „Ибрахим ага – забит од Битола го обвинува ајдутинот Митре од с. Халевени“.

сицил 16, лист 5 б, док 6 – „Ибрахим ага забит од Битола го обвинува Петко кој бил фатен во с. Маловиште, бунтовник во земјава“.

сицил 26, лист 10 а, док 2 – „Судењето на ајдутинот Митан и Петко од село Радобор “

сицил 16, лист 6а, док. 1 – „Ибрахим – ага забит од Битола го обвинува ајдутинот Мише од село Маловиште“.

сицил 16, лист 6 б, док 2 – „Се осудува на смрт ајдутинот Димо од село Магарево, Битолско (го довел на суд Ибрахим ага)“.

Сицил 16, лист 7, док 2 – „Се осудува на смрт ајдутинот Грујан од Света Петка, Битола“.

сицил 18, лист 51а, док 2 – „Се осудуваат на смрт Никле од с. Буково мартолозот Нестор од село Дихово, Стојо од с. Секирани, Велче и Петко од село мал Герман– Никле бил бајрактар“.

сицил 20, лист 26 б, док 1 – „Се осудува на смрт ајдутинот Марко од с. Боиште Битолско, кој не ги давал даноците и го навредувал падишахот и муслиманите. Марко скоро 15 години бил ајдутин, а некогаш сарице – вид на граѓанска милиција во Турција“.

– сицил 26, лист 10 а, док 2– „Судењето на ајдутинот Митан и Петко од село Радобор “

Или пак се осудуваат со многу години служење во морнарица;

сицил 18, лист 4а док 2 – „Јован син на Пејо од село Сопотница се осудува на 7 години принудна работа како веслач во царската морнарица. Јован бил бајрактар со 10 души“.

Факт е дека од втората половина на XVII век настапиле уште потешки денови за народот од овој крај. Се појавиле и локални насилници и одметнати јаничари и високи државни функционери кои уште повеќе ја отежнувале состојбата на народот. Меѓу најпознатите одметници бил Јеген –паша, поранешен румелиски беглер–бег, кој со околу 100 000 одметници го пљачкосувал особено централниот Балкан.

Од документите доаѓаме и до цела низа на списоци од кои дознаваме за обврската на селата за издвојување на средства за плати на мартолосбашииите и секбаните кои ја заштитувале Битолската каза од Митровден до Ѓурѓовден и од Ѓурѓовден до Митровден;

сицил 23, лист 89 а, док 1 – „Список по кој а се распределува сумата од 103 000 акчиња меѓу битолските села за плаќање на мартолосбашијата Махмуд ага, кој заедно со 40 секбани се обврзува да ги гони ајдутите“.

сицил 25, лист 31б док 1 – „Список на битолските села обложени за плаќање на 70 000 акчиња за плата на 30 секбани кои ќе ја заштитуваат битолската каза од ајдутите од Митровден до Ѓурѓовден“.

сицил 25, лист 62 б, док 1 – „Список на битолските села обложени со плаќање на 70 000 акчиња за плаќање на 30 секбани кои ќе ја заштитуваат Битолската каза од Ѓурѓовден до Митровден од појавените ајдути“.

сицил 26, лист 24 б док 2 – „Се назначува Синан ага да ги гони ајдутите“.

сиџил 26 лист 24 б док 3 – „Се назначува Реџеп уста да ги гони ајдутите“.

сиџил 14, лист 69а, док 1– „Му се соопштува на битолскиот кадија дека Осман–ага е назначен да ги гони ајдутите кои се појавиле во градовите, селата и чифлиците“.

Но, ништо не можел да направи ни мартолосбашијата Синан –ага, ниту Осман–ага, Реџеп уста, Ибрахим–ага, а уште помалку Махмуд–ага со 40 секбани. Бројот на ајдутите–јунаци од ден на ден станувал се поголем и поголем, растел бројот на оние кои што повеќе ги претпочитале планинските самотии, каде се оддавале на мрачни размислувања за иднината на овој толку настрадан народ.

На крајот би требало да се каже дека токму овие планински размисли многу ќе влијаат во подигањето на народот од овој крај. Во нив има нешто големо, вечно, младо и животворно, но и цврсто демантирање за оние најскептични умови дека XVII век е само мрак во кој исплашеното население послушно го свиткало грбот пред агите. Впрочем документите ја говорат вистината за овој крај

Вистина е дека за ајдутите во XVII век биле туѓи поимите „татковина“ „Македонија“, „патриотизам“. Сепак факт е дека сите нив ги поврзувал еден заеднички идеал, а тоа била неограничената омраза кон господарот–туѓинец и она што секој народ го прави моќен–а тоа е желбата за слобода.

Искрата на бунтот на поробениот македонски народ често знаела да пламне во буни и востанија[15].

Денес, од длабочините на вековите останаа само сенки од имињата на овие дарители на векот, конструктори на тоа неверојатно време, кои историјата ги запиша, за случајно светот да не ги заборави. Нивните дела ни даваат знак да се поклониме пред нивните сенки од имиња и да молчиме. Ние, далечни потомци и наследници им се заблагодаруваме.

15. Ванче Стојчев, **Воена историја на Македонија,** Сојуз на друштвата на историчарите на Република Македонија: Воена академија „Михајло Апостолски“, Скопје 2000, 281–291

празна

Радмила ПЕТКОВА

# Битолските кадиски сиџили за црквата

Тргнувајќи од фактот дека Битола претставуваше еден од најважните политички и административни центри на Румелија во текот на турското владеење, во нејзините судски регистри – Битолските кадиски сиџили, почнувајќи од 1607 год., беа заведувани сите документи кои беа испраќани од Царигад и тоа не само оние кои се однесуваа на Битола, туку и на останатите поважни центри на Румелија. Ако на нив се додадат и оние документи кои произлегуваат директно од битолскиот суд слободно можеме да кажеме дека поседуваме огромен број оригинални документи–извори, извонредно значајни не само за историјата на нашиот град, туку и за нашата земја воопшто.

За XVII век, на кој му е посветена оваа трибина, се однесуваат првите 29 тома и опфаќаат период од 1607–1694 год. Тие документи, според сè она што ни нудат како информација, претставуваат неисцрпен извор не само за политичката и културната исотрија на градот и неговата поширока околина, туку и за разни други области: урбанизам, етнологија, стопанство, право, посебно обичајното, вера (сите вероисповести) итн. Послендата област, верата во дадениот момент нè интересира само во делот за нашата вера и нашата црква за што постојат бројни документи.

Пред да почнеме да зборуваме за конкретните документи мораме да кажеме нешто и за односот на исламот кон христијанството. Имено, уште со појавата на исламот на историската сцена во VII век, Куранот, светата книга на муслиманите, стана основен закон од цивилен, политички и религиозен аспект за сите припадници на таа вероисповед.

Но, во него постојат и одредби (V, сура 44, 45 и 47) за верска толеранција кон припадниците на монотеизмот, односно кон двете вери што создале свети книги како што се Талмудот и Стариот и Новиот завет и кои имаат божји пратеници како што се Мојсие и Исус.

Но веднаш во истиот век, по освојувањето на Сирија и Палестина ќе дојде и до првите забрани за христијаните. Имено, наследникот на Мухамед, калифот Омар I, во 637 год. ќе го прокламира т.н. Омаров акт со кој на христијаните им се забранува, односно наредува следното: јавно носење на крст и икони, гласно пеење на црковни молитви, криење одметници по црквите, носење посвечена облека од мухамеданците; односно тргање од патот кога поминува мухамеданец, станување кога влегува мухамеданец и сл.

Според горното, нашата вера и црква биле признати, а црквата како институција, под името Охридска архиепископија ја сочувала својата самостојност сѐ до 1767 год. кога била укината, а Охрид како седиште на истата, оставен дури и без епископски трон.

Таа, во XVII век влезе со помал број епархии затоа што со обновата на Пеќката патријаршија во 1575 г. ѝ беше одземена јурисдикцијата над сите српски епархии, како и над скопската, морозвидската, нишката и ќустендилската, заедно со Разлог, а најверојатно, на почетокот на векот и над т.н. италијанска епархија во која влегувале православните општини во Италија (Апулија, Калабрија и Сицилија), како и Венеција и Далмација. Единствено кон неа е приклучена драчката епархија и тоа некаде између 1585–1614 год. до кога беше под власта на Цариградската патријаршија.

Во слабеењето на христијанската црква, иако правно ја признавале, значително помогнале самите султани, кои, почнувајќи уште во XV век иако на поодделни цркви и манастири им ги признавале претходно дадените привилегии, сепак настојувале на секој начин да го шират исламот. Интересна е и наредбата на Селим I, да бидат срушени сите камени цркви во царството, а христијаните да градат само дрвени.

Во времето пак на Сулејман Величенствени (1520–66) што беше „златен век“ на империјата се јавуваат и првите никулци на нејзиното опаѓање што ќе продолжи уште подрастично за време на неговиот неспособен син Селим II (1566–74), па и во времето на Мурат III (1574–95).

Воспоставениот даночен систем овозможуваше ограбување не само на христијанското население, туку и на црквата. Во ограбувањата учествуваше не само административната власт, туку и месните спахии и

турските големци измислувајќи разни даноци–поткупи. Корупцијата владееше во сите можни области, а поединци баснословно се збогатуваа. Можеби најдрастичен пример е висината на годишниот приход на Мехмед паша Соколовиќ кој изнесувал 1.000.000 златници (според Герлах).

Ваквата состојба во XVI век, не само што продолжила и во XVII век, туку се влошила уште повеќе.

За тоа пак што се случува со нашата црква токму во овој век ќе оставиме да зборуваат документите од нашите Битолски сицили. Водејќи сметка за нивната многубројност, како и разнородноста на проблематиката која ја третираат, а со цел да се сфати суштината на истите ќе ги поделиме на две групи.

Првата група во која има најголем број документи ја чинат документите кои се однесуваат на изборот на архиепископиите на Охридската архиепископија, изборот на поглаварите на пооделни епархии (при што нас нè интересираат само за Пелагониската епархија), начинот на избор по пат добивање на берати, плаќање на данокот „пешкеш" за добивање на истите, чии цени постојано растеле па архиепископите морале да позајмуваат големи средства, па дури да ги заложуваат и црковните сасуди.

Дека корупцијата цутела во XVII век и дека издавањето на берати станало вистинска трговија можеби најдобро потврдуваат два документа по мој избор.

Едниот е признаница, т.е. гаранција од 1677 год. за позајмени пари и тоа 100.000 акчиња од страна на охридскиот архиепископ Мелетиј, битолскиот владика Григориос и др. по име наведени архиереи најверојатно за пешкешот за плаќање на бератот на Мелетиј, позајмени од еден бег.

Ферманот пак, од 1679 год. кажува дека истиот Мелетиј избегал (веројатно не можел да го исплати бараниот пешкеш), и патријаршијата останала празна. На негово место добил берат монахот Партениј кога ѝ исплатил 100.000 акчиња на царската благајна.

Кога сме кај бератите, треба да нагласиме дека од 1529 год. кога охр. арх. Прохор успеал да издејствува ферман со кој на целата територија на Охридската архиепископија биле издавани т.е. добивани берати само преку канцеларијата на охридскиот кадија и на архиепископијата, а не како дотогаш преку кој било кадија што најчесто по пат на мито било злоупотребувано.

Кон оваа прва група документи се приклучуваат и сите др. кои се однесуваат на правата и должностите на црковните старешини и работата на црквите, а се разгледувани од страна на специјално формираното одделение за црковни работи Episkopos kalemi формирано од страна на Портата веднаш по освојувањето на Цариград во 1453 год.

Лично сметам дека најголемата важност во оваа група документи имаат документите според кои можеме да го составиме списокот на имињата на архиепископите, но и на архиереите на Пелагониската епархија за кој сме заинтересирани во моментот. Во интерес на времето ќе ги наведам само нивните имиња. Почнуваме со Данаил, па Павле, Јоасаф, Патинос, Јосиф, Плотелсиос, Летопетрес, Игнатиј, Христофор, Захариј, Григориј и завршуваме со Јосиф.

Документите од втората група, кои ги има во помал број се однесуваат на градежната дејност и интервенциите на црквите и манастирите. Поради прегледност ќе ги групираме во неколку подгрупи.

Документите од општо значење за сите цркви и манастири на територија на Румелија, како што е на пр. документот од 1686 год. испратен до сите кадии во Румелија со кој им се наредува да забранат градење на нови цркви и нови кафеани во христијанските села и да преземат мерки против сите што го прекршуваат законот.

На втората подгрупа ѝ припаѓаат секако, барем јас така мислам, документите кои се однесуваат на дозволи за поправка на црквите–хуџети, во кои се наведува дека не смеат при поправките да се зголемува не само нивната површина, туку и висина. Меѓу црквите кои добиле дозвола се црквата: Св. Богородица во с. Трн (1634 г.),Св. Никола во с. Чагор (во 1634 г.) – постои и денес, две дозволи за неименувана црква во Битола, од кои едната се наоѓаше во Фируз бег, а другата во Варош маало (од 1645 и 1661 год.), потоа за црквите од Бучин и Смилево (од 1656), Тополчани (1652), Црнобуки (1661), црквата Св. Петка од Букри паша (од 1663), црквата во Цапари (од 1657) итн.

Третата подгрупа ги содржи документите во кои се работи за одреден вид спорови, меѓу кои најчести се имотно–правните, потоа спорови за убиства и друг вид спорови во кои споредно се наведуваат поединни цркви и манастири, но за нас се битни да го констатираме постоењето на истите во дадената година. Така на пример се споменува манастирот во Буково во 1634, манастирот во Дихово во 1650 год и др., но секако најинтересен е документот од 1640 год. во кој се вели: „Жителите на село Обедник дојдоа во судот и рекоа – Бараме да се регистрира: никој од минувачите да не ги сече дрвата околу црквата која се

наоѓа под селото, а во неговиот атар и никој да не прави пат покрај црквата и да не минува“.

На крајот како заклучок, ценејќи ги податоците кои ни ги даваат презентираните документи, треба да кажеме дека истите ја потврдуваат силата и желбата на нашата црква да опстане и во такви тешки времиња, да ги поправа своите храмови за да не исчезнат, а ангажирајќи ги зоографските и резбарските тајфи, илуминаторите и препишувачите да помогне во создавањето на извонредни уметнички дела заедно со својот народ, дела кои имаат сопствен, односно наш духовен печат, дела сочувани и денес, со кои може да се гордее и се гордее оваа земја.

## Користени извори и литература

1. Битолски кадиски сицили–регести, том 1–29, (необјавен превод на Историски архив на Македонија – Скопје)
2. Фазлур Рахман, **Дух ислама**, Београд, 1983
3. Александар Матковски, **Отпорот во Македонија во времето на турското владеење, том II и III**, Скопје,1983
4. Иванъ Снѣгаровъ, **История на Охридската архиепископия – Патриаршия отъ падането и подъ Турцитѣ до нейното унищожение (1394–1767),** София, 1932.

Златко ЖОГЛЕВ

# Сознанијата за првите битолски стипендии во XVII-тиот век и нивните позначајни функции

**АПСТРАКТ**

Во овој труд се дадени основните карактеристики за турското верско образование во градот Битола во 17-тиот век. Во таа смисла се објаснети и следните термини: медреса - турско верско училиште од повисок степен, мудерис - учител во медреса и софта - ученик во медреса. Централно место во трудот е дадено на сознанијата за првите битолски стипендии од 17-тиот век и нивните позначајни функции.

Со оглед на фактот што првите битолски медреси датираат од втората половина на 15-тиот век и првата половина на 16-тиот век (Чауш-беговата и Исхак-Челебиината медреса), сосема оправдано може да се смета дека и првите битолски стипендии потекнуваат од тоа време. Во 17-тиот век продолжува да се практикува да се даваат стипендии и во другите медреси (Турската, Коџа кади или Дулбенд медресата, Мехмед кади медресата, Гази Хајдар кади медресата, Шериф беговата медреса и Тефикијата) при што посебно била засилена компетитивноста меѓу различните медреси и преку давањето високи стипендии на своите ученици (софти).

Стипендиите кои биле давани на учениците од медресите во Битола биле многу високи (до половина од платата на мудерисите) и имале пове е функции и тоа: егзистенцијална, превентивна, компетитивна и експресивна (експонирачка). Но стипендиите освен позитивните функции имале и негативни - тие биле претпоставка за развој на разни пороци кај софтите, со што некои од нив го девалвирале угледот на медрисите и на еснафските здруженија на софтите, коишто против таквите свои членови преземале соодветни мерки.

**Клучни зборови:** медреса, мудерис, софта, стипендија

1.- Турското образование во Битола било воспоставено уште во 15-тиот век (пошироко за Медресите и медреското образование во Битола може да се види во опширниот и многу инспиративен труд на проф.д-р Александар Стерјовски:1990, стр.83-93). Во 17-тиот век во Битола имало пове е основни турски верски училишта (мектеби), а исто така и верски училишта од повисок ранг (медреси). Некои објаснувањата кои можат да се сретнат во литературата, според кои медресите се средни верски училишта, за разлика од мектебите (кои биле основни верски училишта) е тешко да се прифатат. Во оваа смисла должината на медреското образование, кое се одвивало низ три степени и со времетраење од 12 до16, па дури и 20 години (Стерјовски, 1990, стр.90) упатува на тоа дека навистина не може медресите да се определат како средни верски училишта, туку дека тие биле многу пове е од тоа. Исто така режимот на школување, знаењето и дипломите што се добивале, како и високите позиции што ги заземале после завршеното образование, ширум целата Империја, исто така го потврдуваат понапред изнесеното сфа ање. Затоа во оваа прилика како прифатлива ја нудиме определбата дека медресите биле турски верски училишта од повисок ранг, кои подготвувале кадар кој е служи во верски установи како што се џамиите, месџидите и во шеријатските судови, односно кадар за кој мудерисите гарантирале дека има способности да врши највисоки одговорни должности како имами, хатиби, мудериси, кадии и сл. (спореди: Турски документи, серија прва, том I-IV и Стерјовски, 1990, стр.89-90).

2.- Посебна карактеристика за турското верско образование во Битола била што основните и повисоките верски училишта по правило биле сместени во градежни комплекси, каде што главни објекти биле џамиите, но исто така имало и други објекти кои имале различни функции. Она што посебно изненадува е дека уште во тоа време се водела сметка за т.н. „социјална функција" на образованието. Така на пример, постојат сознанија дека некои од учителите во мектебите биле задолжени да работат и со сиромашни деца, од кои не требало да наплатуваат ништо (Стерјовски, 1996, стр.5).

3.- За непречена и успешна работа на медресите во Битола до седумнаесеттиот век (кои биле во состав на градежни комплекси во кои имало и други објекти со различна намена) биле обезбедувани големи имоти, вклучувај и и бројни ду ани кои носеле големи приходи. Во овој контекст е бидат наведени само два примери - Чауш беговата и Исхак Челебиината медреса. Според документите (Турски документи, III -147) за непречената работа на Чауш беговата медреса биле вклучени приходите од големиот вакаф (еден од најбогатите во Битола) во кој влегувале големи имоти, вклу-

чувај и ги селата Пополжани од Леринско и Тополчани од Битолско (Стерјовски, 1990, стр.85). Уште поимпресивен е имотот од кој опстанувала и успешно работела Исхак Челебиината медреса. За таа цел бил оставен имот од 210 ду ани (од кои точно половина биле во Битолската и половина во Солунската чаршија), бројни воденици, ку и, ниви, анови, цели села и огромна сума на готови пари која изнесувала 300.000 дирхеми (Стерјовски, 1990, стр.85). На вакви приходи денес би можеле да позавидат и многу светски реномирани едукативни кампуси, па дури и универзитетски центри, а за нашите простори, во кои образованието е во хроничен недостиг од финансиско-материјални средства, се чини дека не е потребно да се коментира.

4.- Угледот на битолските медреси може да се докажува и мери (индиректно) преку пове е елементи. Еден од тие елементи е и односот на турските великодостојници, па дури и лично на султанот кон некои од нив. Дека некои од нив биле многу ценети и на ниво на целата Турска Империја, од 16-тиот век па се до почетокот на 20-тиот век, сведочи и фактот дека некои од џамиите во чии градежни комплекси се наоѓале и медреси (на пример, Исхак Челебиината џамија) добивале дарови (персиски килими) директно од султанот (на пример, Решад V), како знак на највисоко признание за нивната работа и успех (Стерјовски, 1996, стр.5).

Како посебен аргумент за угледот на медресите се и платите што ги земале мудерисите кои работеле во нив. Почнувај и од 16-тиот век, преку 17-тиот век, па и понатаму соодносот на платите на учителите во основните верски училишта (мектебите) и во повисоките верски училишта (медресите), бил од 1:3, преку 1:7, па и поголем. Така на пример, синот на Исхак Челебија кој бил назначен како прв мудерис во Исхак Челебиината медреса имал дневна плата од 20 дирхеми, а учителот во мектебот во истиот комплекс имал дневна плата од 3 дирхеми (види:Момиди , 1979, стр.49 и Стерјовски, 1996, стр.5). Тоа само по себе упатува на различното ниво на почитување и угледот што го имале учителите од основните и средните верски училишта во тоа време.

За високиот углед на битолските медреси сведочат и податоците во бројни документи од кои може да се дознае дека, учениците кои ги завршувале успешно битолските медреси наоѓале вработувања како кадии, имами, мудериси, назири и слично, низ целата турска Империја. Точно заради се што е понапред изнесено се чини дека е биде корисно да бидат наброени битолските медреси од 17-тиот век па до 1912 година. Според проф.д-р Александар Стерјовски во Битола во тој период работеле следните медреси: Чауш-беговата медреса (најстара и една од првите на Балканот), Исхак Челебиината медреса, Турската медреса, Коџа кади медресата, Мехмед кади

медресата, Гази Хајдар кади медресата, Шериф беговата медреса и т.н. Тефикија (Стерјовски, 1990, стр.84-89).

5.- Соодносот пак на платите меѓу самите регионални мудериси бил од 10 до 50 акчиња дневно, во зависност од угледот и способностите што ги имал соодветниот мудерис. Дека не била значајна само платата, туку и дека угледот на мудерисите во Битола бил многу висок, потврдува и случајот на Мехмед ефенди, кој во 1636 година, го напуштил местото кадија што го имал во Кратово и дошол во Битола да биде мудерис за плата од 50 акчиња дневно (Турски документи, 1969, III - 53; исто спореди и Стерјовски, 1990, стр.87). За статусот на мудерисите кои доаѓале од Цариград, говорат податоците според кои тие добивале плата и до 300 акчиња дневно.

Според описите што можат да се најдат кај разни патеписци и хроничари, како и од податоците кои можат да се извлечат од документите што засега ни беа достапни слободно може да се констатира дека медресите биле сместени во градежни комплекси кои претставуваат своевидна претходница на современите образовни кампуси кои постојат во економски развиените западноевропски држави или во други развиени држави ширум целиот свет. Наставата била од интернатски тип и софтите (учениците) добивале и бесплатно прено иште, храна, како и стипендија.

6.- Посебен сегмент од животот и работата на медресите биле нивните ученици- софти. Во турските документи софтите се спомнуваат во двојна смисла: прво, како сведоци при потпишувањето на разни договори или одржувањето на разни судски процеси и второ, во документи во кои се третирани како обвинети странки кои направиле разни нелегални активности (лажење, крадење, бунтување и сл.). Во првата категорија спаѓа и застапувањето на софтите пред судот и пред власта од страна на софтбашијата - лице кое се наоѓало на чело на софтинското здружение (Стерјовски, 1990, стр.92).

Споменувањето на некои од софтите како сведоци при потпишувањето на некои важни документи или судски процеси, упатува на високиот углед што тие го имале во општеството, па се сметало како посебно значајно и некои од нив како учени луѓе да присуствуваат на истите. Во таа смисла во продолжение е бидат наведени неколку примери. Во документот 117, од вториот том на првата серија софтата Хусеин Халифе, се споменува како е еден од сведоците за купопродажба на чифлик во с. Велушина (Турски документи, 1966, стр.62). Во слично својство се споменува истиот софта и во документот II-156. Имено, Хусеин (Халифе), се споменува како еден од сведоците за купопродажба /давање на располагање со селата Сливница и Штрбово, Преспанска каза (Турски документи, 1966, стр.81). Исто така и неговите колеги, Ахмет-халифе, и Х'зр Халифе се споменуваат во слична

улога. Првиот софта е наведен како сведок за назначување на субашија, односно управник на селото Мургаш, битолска каза (Турски документи, 1972, стр.37-38), а вториот Х'зр Халифе, се наведува како еден од сведоците за купопродажба на имот од страна на военото лице Мехмет бег, на Хаџи Мехмет-ефенди (Турски документи, 1972, стр.98-99).

7.- Со оглед на фактот што првите битолски медреси датираат од втората половина на 15-тиот век и првата половина на 16-тиот век (Чауш-беговата и Исхак-Челебиината медреса; види Стерјовски, 1990, стр.84-86 и Стерјовски 1996, стр.5), сосема оправдано може да се смета дека и првите битолски стипендии потекнуваат од тоа време. Во 17-тиот век продолжува да се практикува да се даваат стипендии и во другите медреси (Турската, Коџа кади или Дулбенд медресата, Мехмед кади медресата, Гази Хајдар кади медресата, Шериф беговата медреса и Тефикијата) при што посебно била засилена компетитивноста меѓу различните медреси и преку давањето високи стипендии на своите ученици (софти).

Стипендиите кои биле давани на учениците од медресите во Битола биле многу високи - до половина од платата на мудерисите (Стерјовски, 1996, стр.5). Така на пример, познатиот хуманист и донатор Исхак-Челеби, во својата вакафнама определува за мудерисот на медресата по 20 дирхеми, а за секој ученик по 10 дирхеми на ден (Момиди , 1979, стр.49).

Тие имале пове е функции и тоа: егзистенцијално-комплементарна, превентивна и пред се компетитивно-експонирачка.

**Егзистенцијално-комплементарната** функција на стипендиите веројатно имала за цел софтите да го надополнуваат својот буџет од истите. Како што е познато од документите, на софтите во рамките на комплексите каде биле сместени им била обезбедена храна и спиење. Во таа смисла оправдано е да се претпостави дека стипендиите требало да послужат за задоволување на другите (дополнителни) потреби на софтите како што се купување облека, храна и сл.

Поврзано со претходното е и **превентивната функција** што веројатно ја имале стипендиите што им биле давани на софтите, а се состоела во заштита на софтите од одавање на разни пороци просјачење, крадење и сл. заради обезбедување дополнителни финансиски средства. Ваквата функција е поврзана и со заштита на достоинството на софтите.

Со оглед на тоа што во Битола во 17-тиот век имало пове е медреси, сосема е реално да се претпостави дека меѓу нив била развиена сериозна компетитивност на пове е полиња. Во оваа смисла стипендиите веројатно имале и **компетитивно-експонирачка функција**, односно - натпреварување различните медреси и нивните софтите, со цел да се покаже која

медреса е поквалитетна. Како најдобар показател за тоа била висината на стипендијата што се давала во одделните медреси на нивните софти. Ова се огледувало и во начинот на кој се облекувале софтите - најскапа и најмодерна облека, како и начинот на кој комуницирале со другите - културно, одмерено и според сите стандарди на тогашното убаво однесување.

8.- Но, стипендиите освен позитивните функции имале и негативни - тие биле претпоставка за развој на разни пороци кај софтите. Така некои од софтите вршеле и бројни недолични и нелегални активности во тоа време. Така познатиот патеписец Евлија Челебија дава кус опис на пороците на кои се оддавале некои од софтите во градот Битола. „Во овој град има многу одлични реторичари и говорници. Нивните софти со нивните чалми, разбушавени како гнезда на врапчињата, со мечеви зад појасот, се одметнуваат во горачта и се оддаваат на разни ниски работи со простиот свет и грабеж. Кај нив ги има сите видови дилбер-чочеци. Се состануваат по кафеани и други извори на трач и нечистотија и таму се договараат. Потонати се во пороци, клевети и хазардни игри“ (Матковски, 1991, стр.426).

Таквиот негативен авторитет и репутација на некои од софтите може да се согледа и во некои од документите. Во овој контекст за илустрација, може да се наведе дел од текстот во документот бр.2 од вториот том, прва серија на Турските документи..:„Лицата Хаџи Доган и Мустафа, син на Кенан, пак жители на спомнатата каза, не се чесни луѓе, бунтовници се. Оддадени на своите страсти постојано се собираат со лицата Мусли, ... кој е имам на Новата џамија, Ибрахим, Ахмет Халифе и Мехмет (Халифе - З.Ж.) и не престануваат да прават бунт и смут.“ (Турски документи, 1966, стр.4) Посебно шокантен во оваа смисла е документот бр.77 од вториот том во кој се наведува дека софт(а)башијата (раководителот на здружението на софтите) заедно со уште еден негов колега се обвинети за кражба и бунт. „Ова е: Махмут-ага, жител на заштитената Битола, и другите заими и тимариоти ги доведоа пред судот Махмут Халифе, софтабашија во споменатиот град, и другите софти и во нивно присуство и рекоа:, Лицата Мехмет Халифе, елбасанчанец, и Махмут и Халифе, охриѓанец кои спаѓаат во спомнатата тајфа, и кои пред три дена од датумот на документов влегоа во ку ата на Махмут-ага и украдоа едно седло, две сабји и други работи, не се добри луѓе. Поради тоа што секогаш се бунат, бараме да се истераат од редот на софтите.’А спомнатите софти рекоа:,Спомнатите ги истеруваме од редот, како што е изложено и нека не се сметаат за софти’. (Турски документи, 1966, стр.41). Значи, за нарушување на угледот на софтинското здружение, се применувала многу ригорозна казна - исклучување од истото, макар да некој бил и начело на таквото здружение (софтбашија).

9.- Кога од образовен аспект би се евалуирале карактеристиките кои ги имало турското медреско образование во 17-тиот век во Битола може да се дојде до многу интересни сознаниија. Во продолжение наведуваме само некои од нив:

- Во тоа време во медресите имало образование од интернатски тип, во кои на софтите им била обезбедена храна и спиење. Ако се знае како функционирале медреските комплекси во тоа време, со полно право може да се истакне дека тие се на некој начин претходница на современите едукативни кампуси (колеџи или универзитетски).
- Исто така во работата на медресите имало асистенти, кои им помагале во работата на мудерисите. Јасно е дека асистентите во работата на професорите се многу значајни за да се обезбеди подобар квалитет во образованието.
- Стипендиите кои ги имале тогашните софти (барем според својата висина), ретко можат да се сретнат дури и во развиените европски држави, а за нашите студенти можат да бидат само недостижен сон.
- Режимот на настава пред пове е од четири века, бил многу современ гледано дури и од денешен аспект, барем во некои сегменти како што се: општ план и програма кои биле важечки за целата Турска империја; претпочитување на мудериските слободи не само во изборот на асистентите, ами исто така и во изборот на предметите што се предавале, начинот на предавање и времетраењето на реализацијата на наставната програма и што е посебно интересно воведувањето на наставни иновации (Стерјовски, 1990, стр.89) .
- Учењето било флексибилно и степенесто, што е многу актуелен тренд во европското и светското образование посебно во последните неколку децении.
- Можело да се добијат уверенија и дипломи за завршувањето на одредени специјализирани курсеви кои можело да се слушаат кај други мудериси во други медреси, што исто така многу потсетува на системот на т.н. модуларно образование кое е денес многу актуелно.
- Мудерисите гарантирале дека завршените ученици/студенти биле оспособени да вршат одредени функции за кои се подготвувале во

текот на школувањето (што на некој начин е слично со тенденцијата за обезбедување квалитет во различни степени на образованието и посебно на високото, во земјите од Европската заедница).

– Дипломата што ја доделувал последниот мудерис, се добивала по 12-16 па дури и 20 години упорно и напорно школување, по завршениот трет степен (Стерјовски,1990, стр.90).

После сето ова што е понапред наведено, искрено би сакал да го поставам прашањето: Дали некој би се осмелил Турците да ги нарече заостанати, макар да станува збор и за нивното образование дури и пред четири века?

## ЛИТЕРАТУРА:


1. Матковски, Александар (1991).- Македонија во делата на странските патописци 1371 - 1777, Мисла, Скопје
2. Момиди , Радмила (1979): „ амијата Исхак-Челеби во Битола“ во Зборникот на трудови бр.1, Завод за заштита на спомениците на културата и природните реткости, Битола.
3. Стерјовски, Александар (1990): „Медресите и медреското воспитание и образование во Битола“ во зборникот „Воспитанието и образованието во Битола“, ДНУ.
4. Стерјовски, Александар (1996): „Исак Челебијиниот комплекс во Битола“, Млада месечина, весник на Исламската верска заедница (Скопје), септември-октомври
5. Турски документи за историјата на македонскиот народ (1963), Серија Прва, том I, Државна Архива на СР Македонија, Скопје
6. Турски документи за историјата на македонскиот народ (1966), Серија Прва, том II, Архива на СР Македонија, Скопје
7. Турски документи за историјата на македонскиот народ (1969), Серија Прва, том III, Архива на СР Македонија, Скопје
8. Турски документи за историјата на македонскиот народ (1972), Серија Прва, том IV, Архив на  Македонија, Скопје

празна

Александар СТЕРЈОВСКИ

# Турските робови од XVII век
## (со посебен осврт на битолските)

Во оваа, 2001 год., во рамиките на Самитот на ООН против расизмот, што се одржа во Дубан во Јужноафриканската Република, по иницијатива на американските црнци, сите земји што во минатото се бавеле со трговијата со робови – се предлагало да се извинат за робството. Британија, која најмногу ја применувала оваа институција изрази жалење, но не и извинување. Таквиот став го поддржаа уште три други земји, Португалија, Шпанија и Холандија, кои исто така, како и Британија преку големи контигенти, африканските црнци беа ги довеле во новооткриените прекуокеански земји. Сите тие се плашеле, како што стои во извештаите, дека со тоа ќе навлезат во **„неиспитана територија на меѓународно право“**, односно дека со извинувањето би дошло до несогледливи висини на обештетувањата што би ги побарале африканските земји, а и американските црнци. Така, Конференцијата на ООН остана разединета, а извинувањето било одложено за некоја друга прилика[1].

Меѓутоа, факт е дека не само посочените колонијални сили, ами и многу други ја практикувале институцијата робство, макар што робството како систем одамна било минато. Меѓу другите во тој број се наоѓала и Отоманската Турција. Се знае дека робовите во неа биле нај-

1. Аноним, **Ќе има ли извинување за трговијата со робови,** Утрински весник, 4 септември 2001, 12; Аноним, **Остранет контроверзниот нацрт–текст за Блискиот Исток,** Утрински весник, 6 септември 2001, 12.

профитабилната стопанска гранка и дека секое поголемо населено место било и живеалиште и на робови од најразлични националности.

И во Битола почнувајќи од првите денови на турското присуство ги имало на стотици. Овој труд им го посветувам на сите ним. Нека тој биде наше, битолско извинување.

### Робот како замена на слугата

Бидејќи за слугата требало да се обезбедува редовна плата, тој во и секој миг можел да ја напушти работата и да премине кај друг, робот, кој бил потполна сопственост на господарот, кого можел да го пребие и пак да остане врзан за домот или дуќанот, а за него и ништо, освен скудната храна, не се плаќало, бил многу поприфатлива алтернатива и многу подобро решение.

Во Турската империја ги имало државни и приватни. Ги имало и од обата пола, но имало и деца чија возраст се движела од 3–4 години па нагоре.

Државните биле физичката сила која ги одржувала патиштата од посебно значење, која потпомагала во нападите и освојувањата на непријателските утврдувања во правењето скелиња, поткопувањето на бедемите, влечкањето топови, скали и др. Најтежок живот на државниот роб бил на галиотот. Врзан со синџири во бродот, животот го врвел, со веслото, гол и бос и со крај што бил неизвесен, зашто заедно со несреќите на бродовите, завршувал и тој.

Приватниот роб го олеснувал животот, тој бил и општествен статус за господарот, зашто правилото било – колку робови толку и углед.

Мажот – роб главно ги извршувал тешките домашни и земјоделски задолженија. Полесно животот го врвеле оние што знаеле некој занает. Тешко на оние што биле порано интелектуалци, трговци, или, не дај боже, благородници. За нив било резервирано најтешкото занимање, земјоделството. Еден патник од 1568 год. ги сретнал на нивите и забележал дека по цел ден во нивните раце биле лопатите, дуриите и другите земјоделски орудија и дека врз нив стоела постојаната закана задолжението да го извршат квалитетно и навремено. **„Јас видов,** вели тој, **понекогаш и луѓе впрегнати во плугови“**[2].

Исто така, многу тешка била и сточарската работа, особено онаа поврзана со одгледувањето овци. Ваквите робови биле третирани нешто слично на кучињата–чувари, зашто и деноноќијата ги врвеле со

2. **Običaji Turaka (u XVI vijeku),** Napisao latinski Bardolomej Georgijević, jerusalemski putnik u Parizu godine 1568, Skoplje, 1922, 30.

овците без оглед на временските прилики, секогаш боси и полуголи. Бидејќи, пак, стадата преминувале од една на друга територија, биле ангажирани и во подготовките за пат, во прибирањето на шаторите, килимите и сѐ друго што било покуќнина[3].

Навидум полесно животот го врвеле женските робови. Главно биле врзани за семејниот праг и за домашните задолженија. Повеќе робинки ја придружувале господарката кога оди на бања, единственото слободно излегување на муслиманката од домот кога немало строга контрола. Едни на главата ги носеле алиштата за преслека, други служеле да ја избањаат и да ја измасираат, трети го носеле јадењето и тн. Овие робови биле принудени и на најпонижувачките задолженија, со садови со вода да ги следат своите господарки кога одат во тоалетот и да го вршат она што обично поединецот–муслиман по големата нужда го врши сам[4].

Робинката, покрај тоа, дури и најчесто, била конкубина. Од таа причина секогаш се избирале да бидат здрави, млади, убави и со убаво градено тело. Биле задолжени беспоговорно да ги заситуваат сексуалните желби на својот машки господар. Понекогаш синови и ќерки се раѓале од ваквите врски. Сите синови на цариградските султани на пример биле рожба на робинки. Сега е јасно зошто од 80 ослободените битолски робови од XVII век само 4 се од машки пол. Врските со господарката и господарот била услов за нејзината слобода.

Многу од битолските робинки, исто така, биле конкубини на битолчани. Една, по потекло Германка, првин била робинка–конкубина на битолчанецот Осман, син на Абдулах. Но, овој решил да се ослободи и да му ја продаде на друг. Нашол заинтересиран. Тоа бил Баки такиџијата. Овој само што ја купил, вечерта, како што стои во документот **„ја употребил“**, меѓутоа веднаш утврдил дека е болна од венерична болест и во 1623 год . (22 февруари, 2 март) го довел поранешниот сопственик пред битолскиот суд. Осман се бранел дека новиот сопственик го предупредил за нејзината болест и сега не му е јасно зошто воопшто се жали[5].

Голем број од купените машки деца служеле за истата намена. Биле употребувани дури и деца од 6 годишна возраст, но најбарани биле оние што биле пред пубертетот. Таква наклоност пројавувале и

3. Isto, 39.
4. Isto, 36.
5. **Турски документи за историјата на македонскиот народ,** серија прва, 1607–1699, том I, СР Државна архива на СР Македонија, Скопје, 1963, д. 172, с. 121.

обичните граѓани, но и високи личности од администрацијата, дури и самите султани. Султанот Мухамед, покрај толкуте убави конкубини, најубави во царството, посебна наклоност сепак имал кон момченцата и како што раскажува јаничарот Констатин од Островица, за малку и не го загубил животот од нив[6].

Робот пред својот господар стоел простум, со скрстени раце на градите, наведната глава и покорно. Сите наредби ги извршувал беспоговорно. Можел да добие и физичка казна, но уште полошо било, како што тврди А. Пулет (1658) врзувањето во синџири. Тоа се правело на тој начин што му ги врзувале нозете со синџир, кој бил прицврстен и за појасот. При проаѓањето низ градот со ѕвекотот го привлекувал вниманието на минувачите и во таква положба го држеле осум или петнаесет дена, односно три недели, во зависност од големината на вината[7].

Домашниот роб, имал и слободно време, откако ќе ги завршел поставените задачи. Тогаш мрзеливо го врвел денот, со луле во устата, клекнат, раскажувајќи приказни и доживувања[8].

Робот можел да оформи и семејство, односно да се ожени (омажи) за роб, но и за слободен граѓанин. Полесно било склучувањето на бракот меѓу робовите, но затоа потешка била судбината на децата од таквиот брак зашто тие се третирале за робови и господарот можел да им ја одреди судбината, па и да ги раздели од родителите и да ги продаде на друг. Оттаму и констатацијата на Георгиевиќ дека **„помудро е да не склучуваат бракови робовите“**[9]. Меѓутоа, ослободувањето истовремено можело да ги снајде и родителот и детето, како што ѝ се случило на 1 август 1657 год., на битолската робинка Ајше Абдулах. Тогаш е ослободена и нејзината малолетна ќерка[10].

Доколку, пак се работело за склучување брак меѓу роб и слободен човек, тогаш требало да се добие и официјална дозвола од судот. Поаѓајќи од тоа, кадијата од местото Серфиџе по име Саид Али, на 29 септември 1692 год. испратил писмо до претпоставениот, кадијата од

6. Константин Михаиловић из Островице, **Јаничарове успомене или Турска хроника,** Просвета, Београд, 1966, 130–134.
7. Радован Самарџиќ, **Београд и Србија у списима француских савременика XVI–XVII век**, Историски архив Београда, Београд, 1961, 209.
8. Исто.
9. Običaji Turaka... 37.
10. Архив на Македонија – Подрачно одделение – Битола, Регистри на битолските кадиски сиџили, Сиџил бр. 15, бр. 292, 1 август 1657.

Битола, со барање да го одобри склучувањето на бракот меѓу робинката Ѓулзиндба од Серфиџе со хаџи Мехмед ефенди[11].

Меѓу битолските робови од XVII век имало и интелектуалци. Исламизираниот Мустафа, станал писар во еден од бројните битолски вакафи. Меѓутоа, од непознати причини задолжението му било одземено и тој барајќи задоволување на правдата со писмо се обратил до Портата во Цариград. Решението што дошло не само што му го вратило поранешното задолжение кое носело 4 акчиња плата за еден ден, ами се сугерирало како ослободен роб да има додаток на уште 4 акчиња, што ќе рече дека сега неговата заработувачка изнесувала 8 акчиња дневно[12].

## Поробувања

Заради големата побарувачка се случи во Турската империја да израсне една моќна и богата индустрија, промет со робови. Многумина, притоа басословно се збогатија. Разни категории поединци биле вклучени и се бавеле со таа индустрија. На прво место биле ловците на робови, потоа трговците, војниците што пленуваат, па и стражарите што се грижеле при пренесувањето. Имала полза и државата.

Основно занимање на ловците бил ловот на слободни луѓе. Им ги продавале на трговците или самите ги носеле на робовксите пазари и таму ги продавале. Непосредно по доаѓањето на Турците на Балканот, како и пред тоа, биле познати под името **„ропци“**. Обично дебнеле млади жени или девојки додека се наоѓале по планините заедно со стоката, сами или со некоја друга, ги ловеле, ги врзувале и ги одведувале. Вакви грабежи имало многу по планинските места на Херцеговина[13]. Пиратството имало посебно значење на развојот на робството во турскиот период. Некои пиратски дружини беа се специјализирале скоро исклучиво во поробувањето слободни луѓе и од нив многу населени места покрај јадранскиот брег биле опустошувани[14]. Заедно со турската војска како хиени обврзно патувале и ловците. Татарите биле посебно активни и тие, всушност, биле главните снабдувачи со робови од руските земји за Турската империја[15].

11. Сиџил бр. 27, бр. 248, 29 септември 1692.
12. **Турски документи за историјата на македонскиот народ,** том I, 1963 ... д. 71. стр. 72.
13. Константин Јиричек, **Историја Срба,** друга књига, Научна књига, Београд, 412.
14. Исто, 411.
15. **Македонија во делата на странските патописци,** 1371–1777, Подготвил Александар Матковски, Мисла, Скопје, 1991, 593.

Преку ловците доаѓал сепак само дел од вкупниот број робови. Носечкиот, најголемиот доаѓал преку војните. Тие биле главните извори. По секоја воена акција робовските пазари биле преблокирани со новостасани робови и тогаш цената на робот драстично паѓала. Хроничарот Исаија Серски тврди дека по Маричката битка во 1371 год. една голема маса луѓе биле одвлечени како плен[16]. Кога бил освоен Цариград на 29 мај 1453 год. султанот Мехмед II, три дена не влегувал во градот за да им даде можност на освојувачите да се изнаграбаат и да попленат. А тие влегувале во секоја куќа и во секое катче, ги извлекувале скриените домаќини и нивните чеда, ги врзувале со гајтани и ги воделе како робови, не обрнувајќи внимание ни на возраст ни на сталешка припадност. Тогаш биле одведени околу 60.000 жени, мажи и деца и долго се говорело меѓу Труците дека богат човек е оној кој учествувал во освојувањето на Цариград[17]. По покорувањето на Србија (1459) во робство биле одведени нови, 200.000 луѓе[18]. Од Европа биле доведени во првата половина на XVI век 400.000 робови[19].

Востанијата, исто така, биле прилика да се одведат нови робови на пазарите. Голем број Македонци пошле по тој пат по Карпошовото востание[20], како и по Негушкото во 1822[21], но и по Нишкото во 1841 год.[22] итн.

Сега може да се сфати зошто во Турската империја никогаш немало кусок од робови и зошто робовските пазари секогаш биле преполни со новопристигнати робови.

Никогаш не се случило двајца или тројца да се споречкаат или да спорат чиј е робот. Имало востановени непишани правила како поединецот влегувал во посет на другиот. Оној кој прв ќе ја ставел раката врз пленатиот, тој оттогаш станувал негов непосреден господар[23]. Следувало добивањето на тескере (потврда) во кое стоело името и основните телесни карактеристики на робот и името на сопственикот. За секое тескере се плаќал и данок. Во првите децении на 19 век тој изнесувал 20

16. Исто, 35.
17. Франц Бабингер, **Мехмед Освајач и његово доба,** Матица српска, 1968, 82, 85.
18. Исто, 142.
19. **Македонија во делата на странските патописци,** 1371–177... 64.
20. Doklestić, **Kroz historiju Makedonije,** Školska knjiga, Zagreb, 1964, 85.
21. Isto, 99.
22. Петар Петров, **Асимилаторската политика на турските завоеватели,** Зборник от документи за помохамеданчуваня и потурчуваня (XV–XIX в), Издателство на БКП, София, 320.
23. **Македонија во делата на странските патописци,** 1778–1826,...786.

пијастри. Кога била освоена грчката покраина Скио во почетокот на 19 век за кратко време биле издадени 41.000 тескерина[24].

**Трговци**

По војниците или ловците, доаѓале трговците, најбездушните поединци во скалилото на горчливиот живот на робот. Гијом Постел (1547) тврди: **„Кога турскиот император војува со христијаните, меѓу другите трговци секогаш го придружува голема толпа посредници на камили. Тие носат многу долги синџири, со надеж дека ќе купат слуги, со кои лесно се врзуваат 50 или 60 еден до друг. Тие ги купуваат сите оние кои не ги убиле. Дозволено е под услов да платат една десетина слуги на Принцот, а другите можат да ги задржат за свои потреби или на друг начин да тргуваат со нив. Нема побогата и почеста трговија од таа“**[25].

Со помош на своите потчинети, наречени суруџии (стражари) ги врзувале на долгите синџири на неколку чекори оддалечени еден од друг за да не се газат, но и да се заштитат од робскиот гнев и каменувањето што можеле да го преземат. Понекогаш, како што тврди ерусалемскиот патник Георгиевиќ, не 50–60, ами во тие синџири можело да се нанижат и до 500 луѓе[26]. Народната песна познава три синџири: за мажи, жени и дечиња[27]. Навечер, кога било најризично за бунт и организирано бегање, се преземале дополнителни заштитни мерки, на робовите им биле врзувани и нозете и биле поставувани на плеќи, изложени така на секоја временска непогода.

Најтешки биле токму тие преселби од местото на поробувањето до робскиот пазар. Се патувало долго и пеш, на жешко сонце, на снежни виулици, при дожд и сл. Имало поединци со нежно здравје кои не поднесувале такви физички напори, префинети и кревки благороднички, деца и др. кои паѓале по патот од умора. Тогаш се јавувале суруџиите со своите камшици. Кога ќе се констатирало дека некој наполно е исцрпен и дека има надеж сепак од него да се извлече некоја пара, го фрлале на коњот исто онака како што се поставуваат дисаѓите. Ако пак

24. **Македонија во делата на странските патописци,** 1827–1849,...49.
25. **Балканот во делата на странските патописци во времето на турското владеење (јаничари, хареми, робови),** Приредил Александар Матковски, Култура, Скопје, 1992, 90.
26. Običai Turaka... 37.
27. Александар Стерјовски, **Турските робови во животот и во народната песна,** Развиток, г. XIII, бр. 1–2, Битола, 1975, 52–56.

некој умрел, му ги соблекувале алиштата и го фрлале покрај патот или во блискиот ендек препуштајќи им го на пците и јастребите[28].

Посебни грижи на патот сепак се покажувало кон малолетните




*Синџир од христијански робови (Швајгер 1577 г.)*

нежни дечиња. Обично ги транспортирале во кошеви, исто онака како што се носат, како што тврдат многу патописци, јагнињата или гуските. Да не изгорат од сонцето и за да бидат бели, односно за да може за нив да се добие повисока цена, ги покривале со нежни покривки[29]. Големо внимание им се обрнувало и на девиците, до нив никој не смеел да се добере, зашто значеле цело мало богатство.

Инаку кон сите останати, особено кон младите невести и жени однесувањето било грубо. Вечерта ги извлекувале од заедничките синџири и на неколку метра од општата група, додека болно цивкале, изобилно ги силувале. Така правеле и со момченцата[30].

Најболни разделби на овие патувања биле оние што ги опеала народната песна, а кои веројатно биле дел од животот на робот, меѓу мајката и нејзиното рулче. Премалена, не можејќи повеќе да го носи се

28. Običai Turaka... 37.

29. **Немски и австрийски пътеписи за Балканите XI–XVI в.**, Наука и изкуство, София, 1979, 176.

30. Običai Turaka... 38.

решавала да го остави крај патот, со надеж дека некој ќе помине и ќе го прибере. Таа го молела бога:

*– Кога ќе роса зароси*
*детето да ми избања,*
*кога ќе ветар завее,*
*детето да ми изљула,*
*кога ќе овци поминат,*
*детето да ми надои,*
*Да ми порасне големо,*
*да може коња да јава,*
*да може сабја да носи,*
*мајка од робство куртули*[31].

Пополека трговијата со робови од турски преминувала во еврејски раце и Евреите наскоро станале главните лиферанти за сета Турска империја. Еден француски патеписец, Венсан Стохов (1630) тврди дека во неговото време тие правеле „голема трговија“ и дека, робовите ги купувале дури и од кавкаските земји[32]. Не би биле големи трговци и ако во таа трговија не внеле и новини. Како што правеле џамбазите (препродавачите на коњи и друг крупен добиток), првин ги прибирале во своите домови, тука им давале темелно образование во отмено однесување, свирење на инструменти, танцување и изработка везови, односно квалитети што се барале од младата робинка, па дури потоа, за многу поскапа цена, ги препродавале на робовските пазари[33].

Сето тоа било една необична, апсурдна состојба, зашто многу од робовите веќе ја имале прифатено муслиманската религија, а муслиманот бил припадник на привлигираната класа, па испаѓало дека робот во посед го има господарот. Оттаму и строгите забрани Евреите и другите немуслимани да не се бават со оваа трговија или да не поседуваат робови[34].

## Робовски пазари

Робот се продавал насекаде. Усните договори, кои потоа се потврдувале во судот се склучувале во домот на продавачот, каде купувачот

31. **Македонски народни песни, собрани на фестивалите во Битола и Штип на 11 Октомври 1947 год.** Државно книгоиздателство на НР Македонија, Скопје, 1948, п. 373, с. 216.
32. **Балканот во делата на странските патописци,** 2, 1664–1779, 181.
33. **Балканот во делата на странските патописци,** 1, 1402–1657, 374; Радован Самарџи, цит. дело, 325.
34. **Балканот во делата на странските патописци,** 2, 1664–1779, 330, 341.

се запознавал со „стоката“, во домот на купувачот, на улица, на пазар, односно било каде. Во 1665 год. еден татко–роб, кој служел во француското пратеништво кое патувало за Цариград, со помош на дипломатите се обидел да го откупи малолетниот син–роб на патот за Лариса[35]. Робовите се продавале и на разни плоштади[36], односно, како што потврдува еден очевидец **„на секое јавно место, дури и на улиците“**[37]. Сепак, најдобрите и најубавите никогаш не стигнувале до пазарот, тие се чувале во домовите на продавачите и оттаму директно се одведувале[38].

Сепак, главните средишта кон кои патувале и од кои се отиснувале робовските каравани биле робовските пазари. Таму се водела главната размена. Островот Крит во средните векови бил главен снабдувач за Европа. После Крит на тоа место ќе застане Венеција. Има податок дека тука, на венецијанскиот робовски пазар во 1381 год. била продадена како робинка и битолчанката Кали[39]. Пред турското навлегување на Балканот Дубровник и Котор станале, исто така, значајни снабдувачки центри, потоа нивниот примат ќе го преземе устието на реката Неретва[40]. Во XIV и XV век и Скопје важел за значаен робовски пазар[41].

Цариградскиот робовски пазар, пак, за сето време на турското владеење бил и останал главен снабдувачки центар во Турција.

Додека не бил оформен специјализираниот пазар, кој ќе го добие името Аврет пазари, односно Јасер пазар (женски пазар), робовите се продавале во пространиот цариградски пазар за штофови и злато. Во 1547 год. Жан Шено, вака го опишува: **„Во Цариград има едно место кое се вика безистен. Тоа е голема тркалезна градба со четири врати в крст поставени, а наоколу има дуќани со златни, свилени и кадифени платна, како и злато и сребро; таму се продаваат и разни други вредности и специјално бедни христијански робови, млади и стари, мажи и жени, дури и мали дечиња од три години, водени за рака од луѓе, трговци, коишто ги држат робовите за рака и ги шетаат низ тоа место,**

35. А. Матковски, **Еден француски патеписец низ Македонија** (165–1669), Историја, г. IV, бр. 2. Скопје, 1969, 130.
36. **Македонија во делата на странските патописци,** 1371–1777, 318.
37. Исто, 1827–1849, 49.
38. Исто, 1778–1826, 282.
39. Д-р Иван Сакѫзовъ, **Новооткрити документи отъ края на XIV вѣкъ за Българи отъ Македония продавани като роби,** Македонски преглед, год. VII, кн. 2 и 3 София, 1931, 27.
40. Константин Јиричек, цит. дело, 411.
41. Д-р Јевто Дедијер, **Нова Србија,** СКЗ, XXII, бр. 154, 113.

**соопштувајќи ја гласно цената негова и му го продаваат на оној којшто нуди најмногу. Ако е девојка или жена, има покривало на лицето и сите што се пазарат за неа, покривалото го поткреваат малку и гледаат во забите, рацете исто како што се прави со коњите. Овој безистен постојано е отворен освен во петок. Во сите поголеми градови во Турција има по еден безистен каде што се тргува со ваква стока“**[42].

Почнувајќи од XVII век бил оформен и специјализиран робовски пазар кој првин се наоѓал до тврдината позната како Седум кули. Венсан Стохов во 1630 год. го посетил и вака го опишува: **„Наблизу е робовскиот пазар. Од една страна се наредени мажите, а од друга жените. Првите се скоро голи, а вторите сосема се покриени. Кога сакаат да ги купат има во близината една просторија само за таа намена, каде ги разгледуваат откриени и често ги гонат да се соблекуваат за да разберат дали имаат убаво тело; дури има стари жени кои проверуваат дали жените се дествени или не. Цената на една неубава е 100 патагона, но ако тие знаат да шијат, да пеат или свират на инструмент, чинат и 500–600 жолтици“**[43].

Откако ова место (Аврет пазари) било уништено од пожар заедно со целиот кварт[44], робовксиот пазар се преселил во близината на џамијата Османие, до пристаништето, во маалото познато како Чемберли таш или Изгорениот столб[45]

Од ова место започнувала робовската голгота, тука конечно се разделувале блиските членови на исто семејство. **„Понекогаш се купуваат мајки со нивните деца, понекогаш деца без нивната мајка, двајца или тројца браќа заедно, а понекогаш само едниот од нив, при што не станува збор за присуство на љубов, жал или чесност на купувачот“**, ги опишува разделбите еден посетител[46].

### Волнувања

Какви волнувања ги потресувале луѓето што до вчера биле слободни граѓани, а некои и со благородничко потекло, кои имале слободен радиус и слободен избор за пополнување на денот, а сега имале

42. **Френски пътеписи за Балканите XV–XVIII в.**, Съставила и редактирала Биста А. Цветкова, Наука и изкуство, София, 1975, 73.
43. Исто, 217.
44. **Балканот во делата на странските патописци,** 2, 1664–1779, 265.
45. **Македонија во делата на странските патописци,** 1827–1849, 123.
46. Исто, 1371–1777, 369.

третман на стока, чии живот и иднина зависи од волјата на другиот, малку е познато. Чинот на пленувањето веројатно сѐ уште ја немал потенцирано пореско промената на статусот, таа се доживувала понагласено при патувањето, уште повеќе при купо–продажбата.

Оние што ги среќавале, главно странски дипломати и интелектуалци, говорат за две основни душевни манифестации: липање или тапост. Солзите биле присутни и при поробувањето, патувањето, продавањето, но и во осамените часови, навечер или преку ден и тоа бил длабок израз на личната немоќ.

Антоан Оливие, еден критичен опсерватор, кој го посетил лично пазарот за робови, вака потресно ја доживеал средбата со нив:

**„Запревме да погледнеме три од овие робинки кои нѐ привлекоа со својата убавина и со солзите што ги лиеја врз својата судбина. Тие беа високи, добро градени одвај беа на петнаесетгодишна возраст; едната од нив, која со главата и левата рака се потпираше врз ѕидот, толку силно липаше што нѐ трогна до срце. Не постоеше ниту еден начин да се ублажи нејзината тага. Нејзините другарки, потпирајќи се една на друга, се држеа за рацете додека ги набљудувавме. Тие нѐ гледаа со погледи кои, без сомнение, ја изразуваа нивната тага заради губитокот на нивната слобода и што беа отргнати од прегратките на нивните родители“**[47].

Наспроти тоа, кај многумина, продолжителната несреќа беше ги отапила чувствата и сега повеќе не реагираа никако, на нив се забележувала само безволност и тапост[48].

Сето тоа врз другите, слободните граѓани особено западноевропјаните, делувало потресно. Бартоломео де Јани, од 1443 год. го доживеал со констатацијата: **„Многу е тажно за гледање. О жален призор!“**[49]. А еден друг, ќе открие: **„Кога го видов сето тоа, кое причинува тага и болка, коешто никаде и никогаш не бев го видел, добив силна главоболка, срцето ми затрепери, ми стана навредливо, се возбудив со целата своја душа и бев потресен до коските“**[50].

Во новиот дом, нови доживувања и нови волнувања. Напати непомирливост со судбината и отфрлање таа да се прифати.

Еве два случаја:

Првиот е во врска со млада Гркинка, која била доделена како дар на возрасен и сериозен Турчин и која, по обичај, требало да му стане

47. **Балканот во делата на странските патописци,** 2, 1664–1779, 342.
48. **Македонија во делата на странските патописци,** 1371–1777, 373.
49. Исто, 65.
50. Исто, 318.

конкубина. Но таа давала жесток отпор. Низ домот на Турчинот нервозно и неконтролирано кршела и врескала, на крајот му го отргнала чибукот од устата, додека тој смирено седел скрснозе и ѝ давал знаци да се смири, и со него го искршила огледалото. Тогаш тој станал, го извадил јатаганот од појасот и пред таа да сфати што се случува, ѝ ја отсекол главата и ја фрлил надвор преку прозорецот заедно со нејзиното тело[51].

Една друга, иста таква убава девојка испратена на ист начин на Турчин, решително ги одбивала предлозите да се омажи за него и да стане првенка во неговиот харем, дури се заканувала дека ако тоа се случи, а тоа ќе биде против нејзината волја, тогаш на денот на свадбата ќе го убие него а себеси ќе се самоубие. Тоа и се случило[52].

### Необични средби

Еден корпус народни песни со баладна интонација, пеат за трагична разделба на брат и сестра (некаде близнаци), кои, поробени, се одведени, едниот **„кај сонце изгрева“**, и другиот **„кај сонце заоѓа“**. Откако ќе пораснат случајно влегуваат во брак и во него се раѓа принова. За да го одгледаат детето, купуваат стара робинчица, која е нивната мајка. Таа, преку песна открива дека се брат и сестра. Крајот е трагичен, во некои песни го убиваат новороденчето, а тие се самоубиваат, а во други бараат прошка од црквата[53].

Ваквите необични и неочекувани средби меѓу блиски, разделени роднини, во робството биле можни.

Ќе наведеме два случаја што ги нотираат патописците:

Французинот Роберт де Дре (1665–1669) регистрирал една. Тој пишува“ **„Во времето кога бевме во Лариса видовме како поминуваат 12–15 натоварени коњи со мали дечиња што ги носеа во кошеви. Еден од коњушарите на г. амбасадор, кој и самиот беше купен роб, се распраша од каде се тие кутри деца и кога дозна дека ги има многу од неговиот крај, убаво ги загледа и го препозна својот роден син, кој беше стар 7–8 години. Јас веднаш го известви амбасадорот, молејќи да даде откуп за ова кутро дете. Тој понуди 30 талири, кои заедно со оние пари што сакаа да ги дадат господата од друштвото чинеа сума од 50 талири. Но сепак и за оваа сума не можевме да го земеме“**[54].

51. **Македонија во делата на странските патописци,** 1827–1849, 50.
52. Исто.
53. Branislav Krstić, **Indeks motiva narodnih pesama balkanskih Slovena,** Srpska akademija nauka i umetnosti, Beograd, 1984, 276, M 2, 1, 2.
54. А. Матковски, **Еден француски патеписец...** 130.

Вториот случај го опишува еден Ирец, кој подолго време престојувал во Турција. Истиот тврди дека пекарот што ги снабдувал со леб пријателите на Ирецов, го правел истото и со некои турски семејства. Еден ден, потчукнувајќи на портата на едно такво турско семејство во лицето што му ја отворило портата ја препознал својата сестра, за која дотогаш немал никакви вести. Била робена од некој морнар и истиот ден продадена на Турчинов,кај кого сега живеела. Братот, кој бил многу приврзан за сестрата бил многу среќен и решен да ја откупи, па макар да го продаде сиот имот со кого располагал. Таа, меѓутоа жестоко се спротивставила тврдејќи дека е деградирана и дека не вреди за неа да се трошат пари, зашто само ќе го посрамоти, впрочем дека повеќе и не сака да живее. Навистина наскоро умрела[55].

## Национално потекло на битолските робови

Веројатно никогаш сосема точно нема да се дознае колкав број робови имало во Битола, ниту пак, точно од кој национален состав биле. Меѓутоа, земајќи го како индикатив националниот состав на ослободените робови, за кои постојат некои сознаниеја, можеме да говориме приближно и воопшто за националното потекло и на останатите битолски робови.

Битолските кадиски сицили откриваат дека во периодот од 1622 до 1696 год. пред Шеријатскиот суд во Битола биле ослободени 80-тина робови. За 28 од нив го имаме и нивното национално потекло. Тие биле: Албанци (2), Арапи (6), Германци (1), Грузинци (1), Полјаци (1), Унгарци (2), Руси (12) и Французи (1).

Произлегува дека најмногу, имало Руси. Според нивниот опис, сите биле руси, со руси коси, сини очи, средни или високи по бој. Русинките биле преубави и нежни и можеби таму лежи турската заинтересираност за нив. Има и уште една причина, а таа била големата понуда од нив на Цариградскиот пазар. Татарските пирати во голем број со бродови ги растоварувале на цариградските пристаништа[56]. Робовите со црна боја, исто така биле многу популарни, тоа е причината, веројатно што ги имало многу и во Битола. Биле луѓе од доверба и дел од семејниот амбиент. Кастрирани, во најчест случај станувале чувари на харемите. Еден од нив бил дури од Абисинија.

Албанци, Унгарци, претставници од Влашко ги има по двајца. На овие места сè уште се водат војни и тие се извор на робови.

55. **Македонија во делата на странските патописци,** 1827–1849, 50.

56. А. Матковски, **Еден француски патеписец...** 130.

При изборот на робот како национална категорија, Турците поаѓале и од некои востановени критериуми. Според, нив, како што говори еден патешественик од средината на XVII век, **„Русинот е доста добар за веслање, Грузиецот за дворјанин, а Албанецот за советник“**[57], но сепак во конечната одлука за избор од национален состав важел принципот на понудата[58].

## Битолските сопственици на робови

Една турска пословица говорела дека не е беден оној што може дома да храни роб[59], што ќе рече дека и покрај предностите што ги нудел робот, околу него имало трошоци и дека преку него се знаел и економскиот статус на поединецот. Еве и потврда за тоа: На 21 октомври 1622 год. во Битола е продадена робинката Кумри од унгарско потекло и за неа била платена сума од 6.000 сребрени акчиња[60]. Следната година во Битолската чаршија се продал дуќан што чинел 2.500 акчиња[61], што јасно ја покажува големата цена што ги имале робовите во првите децении на XVII век. Ако се има предвид дека некои не само по еден имале и по неколку, дури и десетици, тогаш се потврдува големото богатство со кое располагал тој. Меѓу другите некој си Хуџенин челеби од малото Кас‘м челеби на 11 јуни 1677 год. ослободил две робинки, Атиме и Шерифа[62]. Такви случаи на ослободување по две или три робови во Битола имало и други.

Овие сопственици своето богатство го имале стекнато како воини, како трговци или како занаетчии. Во списокот сопствениците кои ослободуваат робови најмногу фигурираат аги и бегови. Тоа се: К‘л‘ч бег[63], Мустафа бег, син на Даут[64], Мехмед ага[65], Хусеин бег[66], Исмаил

57. А. Матковски и П. Ангелакова, **Патувањето на Едвард Браун низ Македонија (1669),** Историјат, г. VI, бр. 1, Скопје, 1970, 137.
58. **Френски пътеписи за Балканите...** 217.
59. Петар Петров, цит. дело, 22.
60. **Турски документи за историјата на македонскиот народ,** том I, 1963
61. Исто, 96.
62. Сиџил бр. 23, бр. 72, 11 јуни 1677.
63. **Турски документи за историјата на македонскиот народ,** том I, 1963... д. 51, с. 59.
64. Исто, д. 201,с. 132.
65. Исто, том III, 1969, д. 282, с. 208.
66. Сиџил бр. 15, бр. 249, 15 мај 1657.

ага[67] итн. или околу 20-тина. Следуваат кадии: Ахмед ефенди, кадија[68], Хаџи Мехмед ефенди, кадија[69] итн. Има еден мутевлија (управител на вакаф) – Хаџи Ибрахим[70], еден ајан (градски првенец) – Хаџи Ибрахим[71], собирач на данок – Али ага[72]. Многумина робовите им биле наследство од татко или мајка. Робинката Кумри од унгарско потекло битолчанецот Омер ја беше ја наследил од својот татко Мехмед[73], како и Хусеин што беше го наследил робот Меди од покојниот татко Мустафа бег[74] итн.

Интересно е дека не само муслимани, ами и многу битолски Евреи и битолски христијани наместо слуги држеле робови. За појавава имала сознанија и Портата и оттаму напати доаѓале строги упатства како да се постапува во ваквите случаи. Така, на 29 мај 1580 год. до битолскиот кадија била упатена заповед да ги одземе робовите по вера муслимани од Евреите и од другите и да ги продаде на други, зашто веќе биле забележани случаи на нивно повторно похристијанување[75]. Таква наредба била упатена и до скопскиот кадија на 22 август 1595 год[76]. Меѓутоа не само Евреите, ами и дубровчаните во Скопје имале купено робови и со нив ги обработувале своите лозја[77].

Меѓутоа, и покрај строгите забрани, Турците – сопственици или ловци и понатака продавале робови како на Евреи така и на немуслимани и тоа продолжило речиси до конечното укинување на робството во Турција[78].

## Бегства

67. Сицил бр. 18, бр. 278, 26 март 1662.
68. Исто, бр. 352, 17 јуни 1662.
69. Сицил бр. 19, бр. 122,2 мај 1669.
70. Сицил бр. 19, бр. 19, 1663.
71. Сицил бр. 9, бр. 201 (неутврден датум).
72. Сицил бр. 21, бр. 49, 11 март 1677.
73. **Турски документи за историјата на македонскиот народ,** том I, 1963... д. 201, с. 132.
74. Сицил бр. 14, бр. 238, 3 јуни 1657.
75. **Македонија во XVI и XVII век,** Превод, редакција и коментар Душанка Шопова, Институт за национална историја, Скопје, 1955,д. 40. с. 56.
76. Исто, д. 62, с. 84.
77. Д-р Александар Матковски и Поликсена Ангелакова, **Неколку кратки патописи за Македонија**, Гласник на Институтот за национална историја, г. XVI, бр. 1, Скопје, 1972, 251.
78. **Балканот во делата на странските патописци,** 2, 1664–1779... 330, 341.

Повикот на слободата кај робот никогаш не спласнувал и никогаш не го оставал да мирува и да не мисли како да дојде до неа. Наједноставен начин бил – да побегне. Но тоа не било така едноставно и безопасно, напротив, тоа бил акт со многу ризици и тој пат го избирале само најхрабрите и најрешителните. Сопственикот го знаел тоа, и, се разбнира, се обидувал да ја елиминира таа желба. Тоа го правел на различни начини, понекогаш со топол и хуман однос, понекогаш и со мала материјална награда за добро извршената работа. Меѓутоа, најчесто применувал застрашување. Тој или за тоа специјално ангажиран поединец во вечерните часови во близина на домот каде што живеел робот, изведувал мали драми со виења од волк или рикања од лав, а со цел да им се претстави на потенцијалните бегунци што ги очекува на патот доколку се решат да побегнат. Сепак највпечатливи биле опомените со физичките казни и ликвидации на избеганите, а фатени робови.

ЕвлијаЧелебија раскажавуа дека во една прилика му побегнале сите робови и дека, со себе однеле и дел од неговото богатство – десетици златници. За несреќа на некои од нив, иако преоблечени како слободни луѓе, биле препознати, па била активирана местната власт каде биле откриени и потоа следувале казните. Првин самиот Челебија, како што раскажува, лично се нафрлил врз еден од нив, удирајќи го со секирата, со нејзиниот тап дел, а потоа му одредил уште и 200 стапови. Другиот, Циганинот, бил распнат насреде плоштадот[79].

Меѓутоа, и покрај тоа, бегствата не престанувале. За некои раскажува и Германецот Ханс Дершвам[80]. На голем ризик и особени опасности биле ставани оние што се обидувале од Анадолија да побегнат. Тие морале да се борат и со брзите струи на Дарданелите, во кои многумина наоѓале и смрт. И доколку успешно ги премостеле, тогаш се судирале со гладот, студот и дивите ѕверови. Оттаму и причината што многу малку, скоро еден симболичен дел од нив повторно се враќале во своите домови.

На сопствениците на робови, но и на турските власти познати им биле охрабрувачите и потпомагачите на ваквите бегства, тоа биле главно латинските свештеници во Цариград, но и бројните дипломатски странски претставништва. Оттаму причината тие да бидат набљудувани, проследувани но и проверувани. Мелхиор фон Зајдлиц се сеќава

79. **Македонија во делата на странските патописци,** 1371–1777... 471, 485.

80. **Дневникът на Ханс Дершвам за пътуването му до Цариград през 1553–1555 г.,** Отечествен фронт, София, 1970, 91, 154.

како во неговото дипломатско претставништво кое патувало од Цариград за Европа се втурнале службени лица и гоничи на робови по информацијата дека тоа прикрило избегани робови. За среќа такви немало[81]. Многумина од латинските свештеници заради тие активности животите ги завршувале набиени на кол или обесени со главата надолу пред нивните црквени порти[82].

Се разбира, со малку среќа и со голема упорност некои сепак, и по долг и напорен пат, ја дочекувале слободата и повторно се наоѓале во својот роден дом.

Еден од нив е и еден младич од Добњаци, кого Турците со измама го домамиле и го фатиле, па потоа го продале. Како роб стигнал во Скопје, потоа во Пловдив и на крајот во Цариград. Оттаму успеал да побегне, па по долго патување низ Русија, Влашко и Унгарија конечно се вратил дома[83].

## Откуп

Многу потресни се случките кога блиските со откуп решавале да ги ослободат своите од канџите на робството. За големата љубов скоро немало пречки, сѐ се давало родот да се види повторно назад. Скоро никакви препреки не можеле да ја попречат реализацијата. Неколкуте сестри на прочуениот шпански писател Мигуел де Сервантес, за да го ослободат братот, продале сѐ што им припаѓало како мираз и со тоа решиле до крајот на животот да останат стари моми.

За еден таков потфат требало, пред сѐ да се соберат огромни средства, понекогаш и цело мало богатство, зашто требало да се плати откупот, требало со нив да се патува долго и со разни средства и на разни места. Требало да се следи и трагата и упорно да се оди по неа. Тоа понекогаш траело со години, а не ретко и децении[84]. Потоа, откако

81. **Немски и австрийски пътеписки...** 295.
82. Д-р Конст. Иричекъ, **Стари пѫтешествия по България отъ 15–18 столѣтие,** Периодическо списание, кн VI, Срѣдецъ, 1883, 25.
83. Константин Јиричек, **Историја Срба.** 412.
84. Еден таков случај од првите децении од XIX век е поврзан и со Битола. Во ова време во Турската империја сѐ уште не е укинато робството и робови се продаваат и во Битола. Еден пазарен ден, еден жител на Мало Црско од Демир Хисар, беше дошол во Битола веројатно да купи и да продаде нешто. И токму кога пазарувал низ пазарот се пронел глас дека некој Турчин на Ат–пазарот продавал две девојченца Русинчиња грабени во некоја руско–турска војна. Како и многумина други и тој се упатил таму. Навистина, среде множество народ две девојченца од 6–7 и 3–4 години биле предмет на трговија. Немал пород и – ете прилика да го

ќе се откриел родот – роб, требало да се најде разбирање кај сопственикот, да се приволи да ја одреди ценатa и да ги прифати парите. Се случувало, сопственикот или трговецот, со надеж дека може да добие поголема сума, да ја одбие понудата и да не го прими откупот[85]. Ако било поинаку, следел повратниот, радосниот пат.

Меѓутоа, ослободување со откуп не применувале само блиски роднини, ами и обични луѓе. Мотивот бил хуман, макар што средствата биле големи. Од такви побуди во средината на XVII век, еден француски хирург кој живеел во Цариград, ослободил друг Французин, млад благородник со несреќна судбина, кој од љубопитство се нашол во робство и во многу тешка состојба[86].

Од слични побуди и многу Британци–трговци што се нашле или што живееле во Цариград откупувале момченца или девојченца – робови и им ги враќале на нивните родители[87]. Вакви случаи имало многу[88].

добие. Започнал да се пазари и се испазарил за едното. Меѓутоа кога требало да го поведе никако не можел зашто обете грчевито се држеле меѓусебно и липале. Потресен, решил да го купи и другото. Така сега добил две деца. Девојченцата во селото веднаш се прилагодиле зашто биле прифатени како своја рода. За жал, едното, понежното, набргу умрело, а другото се извишило во стројна и убава мома. Еден ден кога семејството вршело жито в село, на девојката, потпрена на вилата ѝ го привлекло вниманието туѓинец кој, качен на бел коњ, уморно пристигал во селото. Кога се приближил поблиску, потресена и со трепетен глас, изустила: „Еда, татко!“. Го препознала својот татко иако поминало скоро една деценија од нивната разделба. Доаѓал дури од Русија, што ќе рече дека го прокрстарил половина свет следејќи ја трагата. По долгото и тешко патешествие, сфатил дека ќерката што останала жива, не е повеќе негова. Таа имала свој дом и нови родители што премногу ја сакале. Во нејзиниот дом останал три недели. Девојката подоцна била омажена и во бракот добила ќерка и син. Синот немал пород, а од ќерката добила поколение што денес живее во Битола, низ Македонија и Бугарија. Таа, всушност е чукунбаба по мајкина линија на еден познат битолчанец. **„Историјата на оваа девојка во моето семејство е општопозната, макар што нејзиното име се има заборавено“**, вели тој. И во оваа прилика му благодариме на информацијата.

85. А. Матковски, **Еден француски патеписец...** 130.

86. **Македонија во делата на странските патописци,** 1371–1777... 594–595.

87. **Македонија во делата на странските патописци,** 1826–1849... 51.

88. Исто, 53.

## Мудебберето во Битола

Слободата можела да се добие и како награда и овој начин на ослободување бил најчест. Извонредните заслуги на поединецот биле прилика да бидат признати со кинење на синџирите на робството. Има во тој однос многу примери. Така, султанот Мехмед II го ослободи својот роб Италијанецот Анџиолело заради биографијата што ја напишал за него, но и за персискиот цар Усум Хасан[89]. Благодарејќи им на своите необични способности на Унгарецот Сигизмунт, кој, инаку бил голем полиглот, но и голем градежник, и подигнал бројни капитални објекти, како награда ја добил слободата[90].

Меѓутоа, за да се добиела ваквата награда, постоел еден битен услов, поединецот да му припаѓа на муслиманската религија, односно, ако бил христијанин, обврзно да ја прифати новата религија и истовремено да биде обрежен.

Сепак најчест начин за ослободување е мудебберето. Тоа е ослободување на смртната постела. Турчинот, претпоставувајќи дека му се приближува крајот, а поаѓајќи од еден хадис од „Куранот“ во кого се велело дека оној **„кој ќе ослободи роб муслиманин, господ ќе го ослободи од пеколот за секој негов дел од телото, секој негов дел“** многумина, откако робовите веќе го прифатиле исламот, се решавале да ги ослободат. Во Битола во 1468 год. на ваков начин имало ослободено 8 робови[91], во XVII век повеќе од 80.

Мудебберето се официјализирало во Шеријатскиот суд, пред месниот кадија и пред сведоци, видни граѓани. Во судот обврзно бил присутен оној што се ослободувал, како и сопственикот, односно негов правен застапник. Најголемиот број случаи мудебберето го иницирал робот, откако веќе му била ветена усно слободата. Нему преку судот му требало сега да добие документ (тескере) за слободата. Со него во неговиот живот настанувала капитална промена, од роб станувал слободен граѓанин. Бил заведуван во пописните дефтери и ги плаќал даноците што ги плаќале сите муслимани.Сопственикот, односно полномошникот пред судот изјавувал дека доброволно ја дарува слободата и дека го задржува врз него единствено правото на велија (старателство), кое понекогаш имало потреба и да се активира. Откако пред сведоците ќе се утврдело дека се исполнети сите услови (доброволно дарена слобода,

89. Д-р Александар Матковски и Поликсена Ангелакова, **Неколку кратки патеписи...** 246
90. А. Матковски и П. Ангелакова, **Патувањето на Едвард Браун...** 138.
91. **Турски документи за историјата на македонскиот народ,** опширни пописни дефтери од XV век, том II, Архив на Македонија, Скопје, 1973, 141–145.

преверување и обрежување, ново, муслиманско име) на ослободениот роб му се давало тескерето. Во него стоело името на оној што го ослободува и новото име на ослободениот роб, како и неколкуте карактеристични телесни белези на ослободениот, бојата на очите, косата и лицето, вегите – дали се разделени или не, физичкиот бој, како и националното потекло.

Во Битола со муббедере во XVII век, меѓу другите се ослободени и робинката Муџела. Таа била на среден раст, русокоса, со сини очи, а од полско потекло. Неа ја ослободувала Ајше, ќерка на Ахмед ефенди, 40 дена пред смртта. Ослободувањето се случило на 1 ноември 1634 год[92]. Слично на Ајше и госпоѓата Шемса пред смртта го направила истото со својата робинка Пејмани, која била од албанско потекло, а била со темно лице и среден раст. Меѓутоа, бидејќи таа тоа не го направила пред судот, нејзината желба ја исполниле на 3–12 март 1642 год. нејзините внуци[93].

Три дена пред да умре Хајрула Кабат ја ослободила својата робинка Фатима Абдулах, со потекло Арапка[94]. На 15 мај 1657 год. пред судот дошол Хасан Челеби и изјавил дека неговиот татко Мустафа бег уште додека бил жив му ја ветил слободата на робинката Фатма Абдулах, но тоа не го официјализирал. Од тие причини, како завет тој тоа го прави сега и молел робинката да добие документ дека е ослободена[95]. Неколку граѓани – муслимани дошле пред судот и посведочиле дека Хаџи Ибрахим, кој заминал на аџилак во Мека и кој по патот умрел, пред да замине му ја ветил слободата на својот момок Али Абдулах, но смртта била причина тоа да не го реализира. Неговата волја совесните граѓани ја изнеле пред судот и Али Абдулах ја добил слободата[96]. итн. На овој начин ослободени се и други над 80 робови од Битола.

Имало поединечни обиди муббедерето да се негира или да се одрекува и случаите дошле пред судот. Судот, меѓутоа скоро по правило застанувал на страната на ослободениот роб.

Така, Анбар Абдула од маалото Ине бег на 28 мај 1686 год. дошол во битолскиот суд и ја тужел својата поранешна господарка дека иако е слободен граѓанин, макар и од редот на ослободените робови, се однесува како да е уште роб. Судот, со сведоците е Абдулкадир Челеби,

92. **Турски документи за историјата на македонскиот народ,** том II, 1966... д. 200, с. 106.
93. Исто, том III, 1969, д. 149, с. 104.
94. Сицил, бр. 8, бр. 270, неутврден датум.
95. Сицил бр. 15, бр. 249, 15 мај 1657.
96. Сицил бр. 18, бр. 234, неутврден датум.

Абдулрахман баши и др. ги уважил поплаките на тужителот и донел пресуда во негова полза[97]. Таков однос имале и Емине Мехмед и Сулејман спахи, наследници на Абедин спахи, но судот исто така пресудил во полза на ослободениот роб[98]. Меѓутоа, не само непосредно засегнатите, роднините или наследниците, со негацијата на муббедерето се јавувале и слободни граѓани, односно службеници на државната администрација. Така, Мехмед ага, емин на државните имоти, пред лицето на правдата го извел ослободениот роб Али Абдулах на 1 март 1662 год. со тврдење дека тој е сè уште роб и дека не е добиено муббедере од Хаџи Ибрахим, кој умрел на пат за Мека. Ослободениот роб донел и сведоци кои ја потврдиле неговата слобода и нивните изјави и изјавите негови од судот биле уважени и тој останал да биде она што бил – слободен граѓанин[99] итн.

Меѓутоа, не било секогаш со таков среќен крај. Една Унгарка, поранешна благородничка, од група гонични на избегани робови, била пронајдена во едно дипломатско преставништво кое патувало кон западноевропските држави. Иако имала уредно тескере дека е ослободена, иако истото било потврдено од местниот кадија, заради тоа што била бела и убава, била вратена назад во робство[100].

Тоа била судбината на робовите.

97. Сицил бр. 26, бр. 303, 28 мај 1686.
98. Исто, бр. 56, 19 декември 1688.
99. Сицил бр. 24, бр. 238, 1 март 1662.
100**Немски и австрийски пътеписи...** 295.

# ДОДАТОК

празна

М-р. Мито ПЕЈОВСКИ

Почитувани дами и господа,

Се чувствувам почестен, што ми се даде можност вечерва да го промовирам овој четврт по ред зборник на трудови „Битола низ вековите“. Се работи за трудови за историјата на Битола во XVI век, прочитани минатата година во очи празникот на ослободувањето на Битола, 4-ти Ноември. Тоа се трудови, кои ни открија интересни сознанија за положбата и случувањата во нашиов град во тој век. Сознанија што се надоврзуваат на оние, што вредните битолски научници на оваа систематска трибина ни ги открија во предходните години. Битола е стар град со повеќе од илјада години историја, исполнета со многу значајни, интересни, но и судбоносни настани. Она што е досега проучено, пред сѐ од битолските научници е значајна и вредна работа, но сигурно останува за проучување уште големо наследно богатство.

Факултетот за учители и воспитувачи од Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, се зафати со организирање на благородна и за Битола и за Македонија од непроценлива вредност работа. Денес го промовираме зборникот „Битола низ вековите“, во кого се поместени трудовите на петмина автори и тоа: Радмила Петкова, Гордана Филиповска Лазаровска, Ѓорѓи Димовски – Цолев, Муџаид Асимов и Александар Стерјовски. Воведот е од Александар Стерјовски, кој што со невиден ентузијазам и љубов кон нашиов град, повеќе години ја врши работата на одговорен уредник. Тој во воведот изнесува важна констатација, дека во XVI век, кој е доста карактеристичен за нашата историја, градот добива изразито ориентално обележје, пред сѐ со подигнатите капитални ориентални објекти од ориенталната култура, какви што се: џамиите, амамите, ановите, караван сараиите и други. Укажува и на енклавите, кои веќе се формирале во градот, како посебни негови делови, во зависност од ентитетот на населението, што во нив живее. Извлекува и констатација, која е точна, дека во овој век е голем и бројот на христијаните што под голем притисок се исламизирале. Овој век за христијаните бил еден од најтешките.

**Радмила Петкова** во својот труд „Битола во XVI век (Просторно ширење на градот)", направила голем напор, колку е можно да се добие реална слика за просторното протегање на градот во XVI век. Иако, презицно, објективно не можела тоа да го стори, ни дава значајни податоци за тоа, до каде тој во глобала се простирал и кој бил главниот правец на комуникацијата во тоа време. Низ бројките што ги дава за брзиот пораст на муслиманските маала и подигнатите џамии, како и за вакафите, се гледа основната карактеристика на овој век. Таа карактеристика е голема – силна организираност и голем притисок за ширење на муслиманството. Дава прецизни податоци за бројот на куќите, населението и времето на подигањето на верските објекти. Открива дека во 1519 година градот имал 231 христијански и 617 муслимански семејства, со вкупен број од 4.500 жители, а во 1544 година 13 христијански и 23 муслимански маала со 26 џамии. За неполн век бројот на муслиманските маала бил зголемен за скоро 4 пати.

**Гордана Филиповска Лазаровска**, во својот труд „Археолошки наоди од црквата Свети Димитрија", пошироко од темата дава вредни податоци за организационата поставеност на власта во Турската империја; за брзиот развој на некои стопански области, како на пример рударството; ковањето пари; трговијата и занаетчиството; за обилноста со вода и чешми; за убавите џамии, безистен и караван сарај и друго. Наведува дека христијанското население кое по многу нешта се разликува од останатото живеело во посебни маала. Една од локациите, која сведочи за тоа, дека ова население непрестано живеело на тој простор ја наведува околината на црквата „Свети Димитрија". Дава интересни и прецизни технички и археолошки податоци. На основа на тие податоци за нејзината изградба и археолошките наоди, доаѓа до заклучок дека таа е подигната на местото, каде постоела стара црква. Од наведените податоци за пронајдените разни уметнички и други предмети, со сигурност извлекува заклучок дека тука живеело христијанско население, и дека тоа маало во 19 век било наречено црковно маало, односно како што го цитира Александар Стерјовски, „тука била населбата на христијаните Варош".

Исто така, дава драгоцени податоци за Охридската архиепископија и бројот на нејзините епархии во XVI век, кога во почетокот на XVII век имала 18 епархии и 9 митрополии, во кој состав е и Пелагониската.

**Ѓорѓи Димовски – Цолев** со својот труд „Битолските Евреи" дава податоци дека Евреите во Битола масовно се населиле во времето на

нивното протерување од Шпанија и Португалија кон крајот на XV век, кои според турските пописни дефтери од 1528/29 година изнесуваат 200 семејства со околу 800 жители, а според пописот од 1568 година 1420 лица. Констатира дека во наредните векови нивниот број постојано расте, максимално кон крајот на XIX век и почетокот на XX век за да достигне 7.000 до 8.000 лица. Наведува дека главната раскрсница, како центар преку кој се расселувале во разни правци во тоа време биле Солун. Двете посебни групации на шпански и португалски Евреи изградиле и две синагоги и две посебни општини, кои после се соединиле во една. Дава податоци и за имињата на еврејските населби во градот. Наведува констатација дека битолските Евреи ја делеле судбината со македонскиот народ се разбира сè до нивниот холокауст во времето на Втората светска војна. Дава одговор и на прашањето, зошто после Балканските и Првата светска војна, голем број Евреи ја напуштиле Битола наведувајќи ги како причина последиците од тие војни и нивното влијание на стопанскиот живот во градот. Го наведува и нивното активно учество во НОВ и дадената помош од битолчани за спасување на Евреи. Со еден збор дава целовит преглед на доаѓањето и животот на Евреите во Битола во XVI век и наваму.

**Муџаид Асимов** во својот труд „Битолските арапски записи“ од XVI век, наведувал дека применета на арапското писмо во тоа време во Турската империја како службено писмо било резултат како на мислењето дека тоа е посовршено, така и од верски побуди, поради тоа што верските објекти биле испишани на арапски јазик со арапското писмо. Тоа значи дека во тоа време верската традиција била пресудна. Како најстар запис (документ) на арапски јазик во Битола ја наведува вакуфнамата на Сингур чауш беј, која датира од 1435 година. Џамијата наведена во вакуфнамата се наоѓала кај Житни пазар. Како втора по старост (документ на арапски јазик) ја наведува вакуфнамата на Исак Челеби за џамијата кај Чинарот. Открива дека таа е од XVI век. За најубава џамија ја смета Хајдер кади џамија подигната во 1561–1562 година на чија плоча постои натпис на арапски јазик.

Дава, исто така, податоци и за содржината на разните натписи и на верските објекти и ги истакнува Евлија Челебија и Хасан Калеши како најзаслужни за тоа. На тој начин авторот со неговиот труд пополнува значаен дел од културната историја на градот Битола.

**Александар Стерјовски**, со трудот „Довлеџик“, со право акцентира дека симболите на местата се многу значајна работа. Симболот на местото не само што кажува за неговиот назив, туку кажува и за него-

вите најважни карактеристики. Тој ни открива дека „Довлеџик“ е физиономиран како едно од најпопуларните излетнички места во првите децении на XVI век. Тоа е време на дефинитивното оформување на Турската империја и побрзиот развој на стопанскиот и културниот живот со изградбата на капиталните верски и други објекти. Зголемениот број богаташи како бегови и паши, трговци и други, овозможија подигање излетнички куќарки на тој дел од градот. За нив пишува и Евлија Челебија. Стерјовски открива дека најважен за популаризирањето на тоа место како излетничко бил месниот поет Лали, кој потоа станал и султански дивански поет, кој комплетирал збирка на поезија, која до денес не е објавена. Ни го дава во целина импресивниот напис што го дал Евлија Челебија во 1661 година во кој вели дека „вакква Господова творба нема рамна или слична на земјава“.

Го открива и коренот на името **Довлеџик**. Произлегува дека значи мала државичка, а доаѓа од „девлет и чик“. Подоцна заради убавината и комуникациската поврзаност Довлеџик станал и место кое го користела и турската војска, поради што Довлеџик станал и државен имот кого го финансирала државата. На ова место бил извршен и масакрот на албанските сепаратистички бегови, кои се одметнувале од султанот. Тој настан и последиците од военото присуство било пресудно, ова убаво место да го изгуби своето лице и амбиентот.

Стерјовски со право констатира дека денес интегритетот на тоа место е потполно нарушен. Последен момент е да се заштити и перспективно осмислено урбанистички уреди, барем оној преостанат помал дел од него, зашто тоа е најпроветрено и чисто подрачје. Се разбира да се уреди во духот на времето, водејќи сметка за неговиот стар стил.

Сите овие трудови се однесуваат на Битола во XVI век, но во кои заради природната поврзаност со минатото и иднината, кажуваат за многу работи и пошироко од тоа. Тие претставуваат значаен прилог во историјата на градот, која што битолскиве научни работници повеќе години систематски ја проучуваат. Нивната љубов кон својот град најдобро ја искажуваат преку нивните трудови од непроценлива вредност. Во таа група влегуваат и овие петмина, чии трудови во овој зборник се поместени.

Битола, 1.11.2001 година

Д-р Томе ЈАНАКИЕВСКИ
*археолог-научен советник*
*Институт за старословенска култура – Прилеп*

Почитувани Битолчани,

Последниве години благодарение на оваа јавна трибина на тема: “ Битола низ вековите“ се селектирани и публикувани сите релевантни историски податоци дадени во стручната литература коишто се однесуваат на градот Битола во средниот век. На жалост не е даден валиден одговор ни на едно позначајно прашање. Очигледно е дека на историјата ѝ е потребна помош од друга научна дисциплина којашто со материјални докази откриени на теренот ќе ги потврди или демантира историските извори. Овде пред се мислам на археологијата.

Како археолог, а од пред две години вработен во Институтот за старослвенска култура во Прилеп до Министерството за образование и наука на Република Македонија поднесов тригодишен проект (2000-2002 година)на тема: „Убикација на средновековна Битола од VII-XIV век, односно од доаѓањето на Словените на овие простори до доаѓањето на Турците“. Проектот е прифатен а реализацијата е во тек.

За убикација на Битола во раниот среден век вниманието го насочив на три локации и тоа:

а) Акрополата на античкиот град Хераклеја
б) Локалитетот „Кале“ над Германските гробишта и
в) Централното градско јадро на современа Битола.

За првата локација, акрополата на Хераклеја, се застапуваат професорите на Филозофскиот факултет во Скопје Иван Микулчиќ, Елица Манева и Коста Аџиевски. На оваа локација отворив десет сонди и не открив ниту еден материјален доказ помлад од VI век од н.е. Да резимирам: Тврдењата за оваа локација треба да се отфрлат како неосновани.

На втората локација, локалитетот „Кале“ истражуваше Гордана Филиповска-Лазаровска. Тоа е *refugium*, односно збег каде што се повлекуваа граѓаните на Битола во случај на опасност. И оваа локација треба да се отфрли како можна за убикација на градот Битола во раниот среден век.

При изборот на третата локација, централното градско јадро на современа Битола, се раководев од следното:

– арапскиот патеписец од XII век Идриси за Битола рекол дека „ е убав, великолепен и пријатен град“;

– во централното градско јадро на современа Битола на просторот којшто го опкружува почнувајќи од градскиот часовник, на запад по улицата Стерјо Ѓорѓиев на запад према Дрвен пазар па заокружувајќи по Белградска улица и кон црквата св. Димитрија се оцртува еден компактен простор каде што не е изградена ниту една постара градба којашто му припаѓа на исламот. Овде треба да се бара локацијата на познатата христијанска маала „Дабижив“ регистрирана во првиот попис од 1468 година;

– и за крај уште еден податок на којшто не му е дадено значење а точно ја одредува локацијата на градот непосредно по неговото освојување од Турците а тој е: Мурат победник го испратил во 1382/83 година Тимурташ паша кој овој град го освоил со сабја во рацете. Градот е пуст. ОД ЈУЖНАТА СТРАНА СЕ НАОЃА РИД ПОКРИЕН СО ШУМА (Тумбе кафе б. м.) А НАПРЕД ИМА ШИРОКО ПОЛЕ (Пелагонија б. м.). ОД ПЛАНИНИТЕ ТЕЧАТ МНОГУБРОЈНИ ВОДИ (Баба Планина б. м.) СО КОИ СЕ ЗАЛЕВААТ ПОЛИЊАТА НАОКОЛУ.

Кои се проблемите со коишто се соочувам при реализацијата на овој проект? Покрај средствата, особен проблем е непостоењето на слободни локации за археолошки истражувања. Ги искористив двете можни локации и тоа во дворните места на Турското училиште и црквата Св. Димитрија. Резултатите се над очекувањата.

Кај Турското училиште открив средновековна јама со фрагменти од керамички садови за домашна употреба и црепни коишто датираат од XII-XIV век а кај црквата Св. Димитрија открив фрагменти од околу 40 садови во зграфито техника, фрагменти од 10 црепни и две бронзени чанкасти монети. Сите датираат во периодот од XII-XIV век. Во горните слоеви во оваа сонда, во јама од турскиот период откриена е голема количина на фрагменти од керамички садови, стакло, лулиња од печена

земја и сл. Во овој материјал има и фрагменти коишто им припаѓаат на XVII век, предмет на расправа на оваа јавна трибина.

Доста интересен е и просторот кај Безистенот и околу него. Имено, при адаптацијата на безистенот пред околу 25 години истражуваше екипа на

Заводот и музеј од Битола. Од фотодокументацијата јасно се гледа дека безистенот бил изграден над остатоци од некоја монументална градба. Резултатите од овие истражувања не се публикувани. На остатоци од монументална градба се наиде и при пробивањето на улицата Иван Милутиновиќ а исто така и при изградбата на градбите околу безистенот. Се наметнува прашањето дали се тоа остатоци од тврдината на Битола (да се потсетиме дека во непосредна близина е пронајдена познатата Битолска плоча секундарно вградена во Ески џамија или тоа се можеби остатоци од, во историските извори често споменуваниот манастир, по којшто во турскиот период градот го доби и своето ново име Манастир. Дилемите се тука и треба со археолошки зафати да се разрешат.

Ви благодарам на вниманието.

празна

Д-р Душан РИСТОВСКИ

# Посмртни останки во синџири

Изложувањето на професор Стерјовски Александар „за робовите и синџирите“ морам да признам ме потресе и ме врати во моето рано детство. Ова што ќе го кажам не знам дали некаде е регистрирано, ако не е, тогаш веројатно нешто ќе одгатне, а и нешто ќе загатне и веројатно некој тоа ќе го искористи некогаш.

Настанот е поврзан со рушењето и расчистувањето на Старата џамија, онаа што се наоѓаше наспроти стариот Житни Пазар, односно на местото од денешната Егејска зграда, зграда која се наоѓа наспроти Стоковната куќа „Јавор“. Моето семејство, што ќе рече и јас, живеевме во непосредна близина на џамијата, дури тука и игравме во дворот на џамијата, а понекогаш без да знаеја одговорните за чување на џамијата се качувавме на минарето. Добро се сеќавам кога џамијата ја рушеа, уште повеќе кога игравме разни детски игри во урнатините. Но многу добро се сеќавам кога го расчистуваа теренот од урнатините, а уште повеќе кога ги копаа темелите за изградба на станбената зграда. Зградата се изгради и три влеза се наоѓаат на улицата „Иван Милутиновиќ“ и еден влез на ул. „Свети Наум“ со бр. 1. Еден ден, во тој период, во маалото се разнесе глас дека пронајдени биле човечки костури поврзани со заеднички синџир во дворот на џамијата. Истрчавме поголема група деца да го видиме тоа „чудо“. Сликата сѐ уште ми е многу жива. Понекогаш ја возобнуваме со моите другари Петар Дракуловски, Танче Дракуловски, Ице Делов и со други мои врсници, што ќе рече дека нема дилема во она што го видовме и во ова што го кажувам.

Навистина, во заеднички гроб, наредени еден до друг, врзани со заеднички синџир за нозете, се наоѓаа 5 или 6 костури. Ние ја видовме финалната слика. Претпоставувам дека оние кои ги откопуваа го правеа тоа многу внимателно. Чии беа тие костури и од кое време беа не знам, како што не знам кој ги откопа и дали е направена документација или фото-документација. Ако сакаме да го лоцираме местото попрецизно, со голема сигурност тврдам дека тоа место беше точно каде што се издига денес „Егејската зграда“ но на оној влез што гледа кон исток, кон паркчето со споменикот на Ѓорѓи Сугарев.

Ете, тоа е мојот прилог кон денешнава трибина.

Владо ЃОРЕСКИ

# Уште едно толкување на името "Битола"

Битола е можеби единствениот град во Р. Македонија кој има мошне специфична и необична генеза на топонимот – поточно на топонимите во кои е најчесто споменувана.

Краткиов прилог нема за цел да докажува или анализира туку пред сѐ да воочи за некои од бројните поими со кои Битола постојано била споемнувана – поими или топоними кои зобруваат за невообичаениот богат живот во смисла на еден мошне широк спектар разновидна етничка популација и преплет на богати и значајни култури.

Барањето на значењето на топонимот за еден град често може да нѐ доведе до суштината за опстојувањето и начинот на живеењето. Симболиката во името – имињата на Битола скоро во сите случаи нѐ носи до едно мошне специфично и ретко значење – кое е далеку од обичното секојдневие и прозаично живеење.

Сите топоними за Битола се поврзуваат со духовното, спиритуално значење а тоа несомнено зборува за карактерот и значењето па и за можните цивилизациски траги што тој ги оставил.

Имињата: Монастир, Манастир, Monaste' or Tole, Монасттири, Обител, Бутелија, Betulia (според Mitford), Ботели, Бутел, Би-Тол, Витолија – сѐ се тоа имиња кои ни зборуваат за населба која пред сѐ предничи очигледно во своите сакрални објекти, односно центар кој изобилувал со бројни храмови во кои и околу кои се одвивал животот. Центар кој своето опстојување пред сѐ го поврзувал со духовното и верското. Тоа би подразбирало и развиена писменост, развој на уметноста, градителството, теолошката мисла итн. Доволни податоци кои можат

да укажат на извонредното и сѐ уште неистражно цивилизациско значење на овој град. Во овој контекс и неоткриениот средновековен период, што може да биде во иднина еден од поглавните клучеви во дешифрирањето не само на историјата на Балканот туку и во следењето на духовната мисла на пошироки простори.

Како надополнување, како потврда за веќе погоре изнесеното доставувам уште еден можен доказ за одгонетнувањето на тајната на името и животот на средновековната Битола.

Според толкувањата на Кабалата: Папијус–Кабала–наука за Бога, вселената и човекот, (Аратрон, Софија, 1994 година, стр. 79, стр. 115, страна 182, види прилози) зборот Битола може да се проследи и во еврејската лингвистика. Имено, како што е и протолкувано во Каба-

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | ל | א | Ел | Бог |
| | л | а | | אל |
| | | | | Ел |

лата (патем во шеснаесетти век во Битола веќе имало Талмудска школа), зборот Бет значи *дом,* а *ел* или *ла Бог* или *Бет–ел(ла)* е Божји дом בית אל Божји дом што би било адекватно на Манастир, Монастир или Обител (се обителува во манастирски дом). Значи не само славјанското, турското, туку, еве, и еврејското значење повторно ни ја откриваат Битола како божји дом–како центар на богато духовно живеење.

בית - *бет,* дом

Со оглед дека средновековен Прилеп ни е познат, како и Охрид, останува проблемот со Битола – бидејќи сѐ уште недоволно е лоциран и истражен. Со оглед на значењето што го содржи самото име и тоа потврден од сите етникуси кои живееле во него, мислам дека е од огромна важност да бидат откриени што поскоро трагите од Божјиот дом, траги во кои се закопани најдлабоките мисли во кои можеби ја содржат смислата на длабочината на нашата иднина.

# СОДРЖИНА

**Александар СТЕРЈОВСКИ**

Вовед . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5

**Ѓорѓи ДИМОВСКИ – ЦОЛЕВ**

XVII век почеток на реславјанизацијата на Битола . . 9

**Аница ЃОРЃИЕВСКА**

Ајдути - јунаци од Битолско од XVII век . . . . . 19

**Радмила ПЕТКОВА**

Битолските кадиски сиџили за црквата . . . . . . 31

**Златко ЖОГЛЕВ**

Сознанијата за првите битолски стипендии
во XVII-тиот век и нивните позначајни функции . . . . 37

**Александар СТЕРЈОВСКИ**

Турските робови од XVII век со посебен осврт
на битолските . . . . . . . . . . . . . . . . . 47

**ДОДАТОК** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **69**

**М-р. Мито ПЕЈОВСКИ** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **71**

**Д-р Томе ЈАНАКИЕВСКИ**
***археолог-научен советник***
Дискусија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 75

**Д-р Душан РИСТОВСКИ**
Посмртни останки во синџири . . . . . . . . . . . 79

**Владо ЃОРЕСКИ**
Уште едно толкување на името „Битола" . . . . . 81

празна

**Издавач:**
Педагошки факултет – Битола
Библиотека: *Историски теми*

*

**За издавачот**:
Проф. Симеон СИЛЈАНОВСКИ, акад. сликар - декан

*

**Одговорен уредник:**
Д-р Александар СТЕРЈОВСКИ

*

**Секретар на редакција**
Гого СТЕРЈОВСКИ

*

**Компјутерска подготовка:**
Пеце ИЛИЕВСКИ

*

**Печати:**
АД Печатница „Киро Дандаро“ - Битола
Тираж:
300 примероци